Република Северна Македонија
Општина Липково



Republika e Maqedonisë së Veriut
Komuna e Likovës

ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ЛИПКОВО (2022-2028)

ИПА II Програма за прекугранична соработка
СРБИЈА - СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Добри пријатели, нови можности

Република Србија
Република Северна Македонија
Оваа програма е финансирана од Европската Унија

Јули 2022

Наслов на документот:

ЛОКАЛЕН ЕКОЛОШКИ АКЦИОНЕН ПЛАН НА ОПШТИНА ЛИПКОВО (2022-2028)

Изработен во рамките на проектот:

„ПОМАЛКУ ЃУБРЕ, ПОМАЛКУ РИЗИЦИ, ПОВЕЌЕ ЗДРАВЈЕ“,

ФИНАНСИРАН ОД ИПА II ПРОГРАМА ЗА ПРЕКУГРАНИЧНА СОРАБОТКА СРБИЈА – СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ДОБРИ ПРИЈАТЕЛИ, НОВИ МОЖНОСТИ

Нарачател и корисник на документот:

ОПШТИНА ЛИПКОВО

Одговорно лице:

М-р Еркан Арифи, градоначалник

Локален координатор за ЛЕАП:

Џезми Муслији

Изготвувач на докуемнтот:

Здружение ЦЕЛОР – ЦЕНТАР ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ, Радовиш

Автори на документот:

Александра Каракашова-Сачкарска, дипл.инж.за заштита на животна средина

Столе Георгиев, дипл инж.за заштита на животна средина

Јули 2022, Липково

Овој документ е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторите/организацијата изготвувач на публикацијата и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

This document has been produced with the assistance of the European Union. The contents of this publication are the sole responsibility of authorc/contractor/implementing partner/international organization and can in no way be taken to reflect the views of the European Union.

DRAFT

Почитувани граѓани, пријатели и соработници на Општина Липково,

Со огромно задоволство Ви го претставувам Локалниот Еколошки Акционен План (ЛЕАП) за периодот 2022 – 2028 за нашата општина.

Иницијативата за изработка на Локален Акционен Еколошки План за Општина Липково, е во рамки на проектот „Помалку ѓубре, помалку ризици, повеќе здравје“, финансиран од ИПА II Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија – Добри пријатели, нови можности.

Општина Липково го ревидираше претходниот ЛЕАП и врз основа на него и новите измени во националната легислатива и надлежностите на општината изготви нов ЛЕАП. Општина Липково ќе се залага и ќе спроведува во континуитет мерки кои се однесуваат на заштита од штетни влијанија, но и подобрување и унапредување на животната средина и здравјето на луѓето.

- Со дефинирање на мерки за енергетска ефикасност и користење на обновливи извори на енергија и нивна имплементација, ќе дадеме значаен придонес во намалувањето на влијанието на климатските промени.
- Со предвидување на користење на техничката вода од веќе ископаните бунари за одржување на зеленилото на јавните објекти и површини и одржување хигиена на улиците, ќе дадеме значаен придонес во зачувувањето и намалувањето на користење на питка вода за други цели.
- Со континуираното зазеленување и одржување на постечекото зеленило на терироријата на општината, даваме значаен придонес за почист воздух во нашата општина.
- Со дефинирање на мерки за одржлив транспорт во Општината, односно со стимулирање и субвенционирање на користење на велосипед и други превозни средства кои не генерираат издувни гасови, ќе дадеме значаен придонес за заштита и унапредување на животната средина и здравјето на луѓето.
- Со континуираното чистење на локации со смет создадени од несовесни граѓани и спречување на нивно повторно создавање, даваме значаен придонес кон подобрено управување со отпад и намалување на диви депонии на територијата на општината.
- Со континуираното вклучување на здруженија на граѓани и други иницијативи во фаза на планирање и на реализирање на општинските активности, даваме значаен придонес кон добро владеење и учество на јавноста во донесување на одлуки на локално ниво

Верувам дека сите граѓани на општината ќе ги поддржат активностите и проектите кои ќе следат во наредниот период и активно ќе учествуваат во нивната реализација. Активностите кои се наведени во Акцискиот план на ЛЕАП-от 2022 – 2028 година, ќе се реализираат и ќе бидат базирани на она што досега е сработено. Би сакал да им се заблагодарам и на сите членови на координативното тело за својот несебичен ангажман и придонесот во изработката на овој стратешки документ за Општина Липково.

M-r Erkan Arifi

Градоначалник на Општина Липково

DRAFT

СОДРЖИНА

ВОВЕД....9
2. ПРОЦЕС на изработка....11
2.1. Дефиниција за ЛЕАП и цели....11
2.2. Правна основа и законски обврски за изработка на ЛЕАП....12
2.3. Организациска структура....16
2.4. Методологија за изработка на ЛЕАП....19
2. Природно-географски и социоекономски карактеристики на Општина Липково....20
2.1. Географска положба....20
2.2. Рељеф, геолошки и педолошки карактеристики....21
2.3. Хидрографски карактеристики....22
2.4. Биодиверзитет и природно наследство....23
2.5. Климатски карактеристики....24
2.6. Демографски карактеристики....25
2.7. Економски и стопански карактеристики....26
2.8. Водоводна инфраструктура....28
2.9. Сообраќајна инфраструктура....28
2.10. Социјала, образование, спорт и култура....29
2.11. Урбанистичко планирање....30
3. Информирање и вклучување на јавноста....31
4. Оцена на состојбата на животната средина во Општина Липково....32
4.1. Тематска област - Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени....33
4.1.1. Опис на загадувачки материи во амбиентниот воздух....33
4.1.2. Стационарни извори на загадување во Општина Липово....34
4.1.3. Мобилни извори за загадување во Општина Липково....34
4.1.4. Други извори на емисии....34
4.1.5. Состојба на квалитетот на воздухот во Општина Липково....35
4.1.6. Идентификување на проблемите во тематската област....35
4.2. Тематска област - Вода и водни ресурси....35
4.2.1. Квалитет на води....35
4.2.2. Водоснабдување....36
4.2.3. Одведување и третман на отпадни води....37
4.2.4. Мониторинг на водите....37

DRAFT

4.2.5. Заштита од порои и поплави....37
4.2.6. Состојба со квалитетот на водите....38
4.2.7. Идентификување на проблемите во тематската група “Вода и водни ресурси“ 38
4.3. Тематска област - Почва, земјиште, природа и културно наследство 39
4.3.1. Квалитет на почви....39
4.3.2. Состојба со квалитет на почва, земјиште, природа и културно наследство 39
4.3.3. Загадување на почви, природа и биодиверзитет....40
4.3.4. Искористување/намена на земјиште во Општина Липково 40
4.3.5. Идентификување на проблемите во тематската област....41
4.4. Тематска област - Управување со отпад....41
4.4.1. Комунален отпад и други видови неопасен отпад....41
4.4.2. Транспортирање и конечно згрижување на комунален отпад....42
4.4.3. Диви депонии....42
4.4.4. Постапување со други видови на отпад....43
4.4.5. Идентификација на проблемите во тематската област....46
4.5. Тематска област - Бучава и нејонизирачко зрачење....47
4.5.1. Состојба со амбиенталната бучава во општина Липково....47
4.5.2. Влијание врз животната средина и здравјето на луѓето....48
4.5.3. Идентификување на проблемите во тематската област....48
4.6. Природни катастрофи....49
4.6.1. Поплави....49
4.6.2. Ерозија....50
4.6.3. Пожари....52
6. УТВРДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА....53
6.1. Тематска област - Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени....54
6.2. Тематска област - Вода и водни ресурси....54
6.3. Тематска област - Почва, земјиште, природа и културно наследство....56
6.4. Тематска област - Управување со отпад....57
6.5. Тематска област - Бучава и нејонизирачко зрачење....59
2.1. ВОЗДУХ....60
2.2. ВОДА И ВОДНИ РЕСУРСИ....63
2.3. ПОЧВА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО....65
2.4. ПРИРОДА....71
2.5. ОТПАД....77

DRAFT

3. ПЛАН ЗА НАБЉУДУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ 87
3.1. ВОЗДУХ 88
3.2. ВОДА 92
3.3. ОТПАД 94
3.4. ПОЧВА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО 102
3.5. ПРИРОДА 106

DRAFT

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

АД	Акционерско Друштво
АЕК	Агенција за Електронски Комуникации
ГВЕ	Гранична вредност на емисија
ГП	Граничен Премин
ГУП	Генерален урбанистички план
ГИС	Географски информациски систем
ГМРС	Главни мерно регулациони станици
ДЗС	Државен завод за статистика
ДИЖС	Државен инспекторат за животна средина
ДУП	Детален урбанистички план
ДПСИР	Движечки сили, притисоци, состојба, импликации, реакции
ЕУ	Европска Унија
ЕЕ	Енергетска Ефикасност
ЗОЛ	Значајни Орнитолошки Локалитети
ЗРП	Значајни Растителни Подрачја
ЗПП	Значајни Подрачја за Пеперутки
ЗЗЗ	Завод за Здравствена Заштита
ЕЛС	Единици на локална самоуправа
ЗЕЛС	Заедница на единици на локална самоуправа
ЗГ	Здруженија на граѓани
ИВЗ	Исламска верска заедница
ИЈЗ	Институт за јавно здравје
ИСКЗ	Интегрирано спречување и контрола на загадувањето
ИЕД	Интегрирана Еколошка Дозвола
ЈКП	Јавно Комунално Претпријатие
ЈП	Јавно претпријатие
ЈСП	Јавно сообраќајно претпријатие
ЈУОДГ	Јавна установа детска градинка
ЈЗУ	Јавна здравствена установа
КП	Катастарска Парцела
ЛЕАП	Локален акционен план за животна средина
ЛУК	Локален управен комитет
МВР	Министерство за Внатрешни Работи
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање

DRAFT

МИЦЖС	Македонски Информативен Центар за Животна Средина
МЗ	Месна Заедница
МДК	Максимална дозволена концентрација
МПЦ	Македонска православна црква
МСП	Мали и средни претпријатија
НЕН	Национална Еколошка Мрежа
НКД	Национална класификација на дејности
НПУЦО	Национален план за управување со отпад во Република Македонија
НВО	Невладина организација
ОУ	Основно Училиште
ОЕЕО	Отпадна електрична и електронска опрема
ОВЖС/EIA	Оценка на влијание врз животната средина
ППРСМ	Просторен план на Република Северна Македонија
ПОУМ	План за Одржлива Урбана Мобилност
ПНУ	Приватна научна установа
ПЗУ	Приватна Здравствена Установа
ПЗО	Посебно Заштитени Области
ППЗ	Посебни Подрачја на Зачувување
РСМ	Република Северна Македонија
РЗЗЗ	Републички завод за здравствена заштита
СОЖС/SEA	Стратегиска Оцена на Животната Средина
СЗО	Светска здравствена организација
СРЦ	Спортско Рекреативен Центар
СИПР	Северо-Источен Плански Регион
СУП	Стратегија за управување со отпад
ТНГ	Течен Нафтен Гас
УЗ	Урбана заедница
УХМР	Управа за хидрометеоролошки работи
ЦЈЗ	Центар за јавно здравје
SWOT	Силни страни, Слабости, Можности, Закани
PEST	Политички, економски, социјални, технолошки фактори

DRAFT

ВОВЕД

Иницијативата за изработка на Локален Ационен Еколошки План за Општина Липково, е во рамки на проектот „Помалку ѓубре, помалку ризици, повеќе здравје“, финансиран од ИПА II Програма за прекугранична соработка Србија – Северна Македонија – Добри пријатели, нови можности.

Тековниот процес на децентрализација, односно пренесувањето на дел од надлежностите и обврските од централната на локалната власт наложи идентификување на бројни приоритети, мерки и акции кои треба да го олеснат трансферот на надлежностите. Воедно се отвори и прашањето на слабите капацитети на општините, недостатокот на човечки и финансиски ресурси за спроведување на новите обврски. Истовремено започна и процесот на пристапување кон Европската Унија, кој исто така ја нагласи потребата за обезбедување на доволен број луѓе со соодветен капацитет, на сите нивоа, обезбедување на брзо транспонирање и спроведување на законската регулатива, како и дефинирање на стратешки цели како основа за спроведување и имплементација на акциите/проектите. Во овој контекс не смееме да заборавиме и на предизвиците на воспоставување на концептот на одржливиот развој, особено потенциран преку вградувањето на прашањата од областа на животната средина во другите релевантни области, кое се постави како прашање кое треба да се реши во интерес на идниот развој на овие сектори.

Во насока на воспоставување на одржлив развој на општина Липково, а со тоа и заштита и унапредување на животната средина и здравјето на луѓето, воедно и обезбедување подобри услови за живот на сите жители во општината, се пристапи кон изработка на документот ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЛИПКОВО.

Земајќи ги во предвид барањата на регулативата на ЕУ, новите апроксимирани закони од областа на животната средина, како и новите надлежности на единиците на локална самоуправа, согласно Законот за локална самоуправа, евидентна е потребата од превземање на голем број мерки и акции за спроведување на истите.

Самата изработка на овој документ е само почеток на долгорочен процес. Постигнувањето на приоритетните цели многу често претпоставува имплементација на мерки и акции на среднорочен и долгорочен рок, најчесто поради недостаток на финансиски и човечки ресурси. Ревидирање на документот, како и набљудување и оценување на самиот процес на спроведување се активности кои ќе треба континуирано да се реализираат, како би се постигнала целта на највисоко ниво – заштита и унапредување на животната средина.

Единиците на локална самоуправа играат клучна улога во имплементацијата на голем дел од барањата регулирани со новата законска легислатива во РМ од областа на животната средина. Во продолжение се наведени надлежностите согласно законите од областа на животната средина, кои се усогласени со ЕУ регулативата. Направениот преглед по истите дава јасна слика за обврските на ЕЛС и потребите за зајакнување на човечките капацитети за спроведување на истите. Обемните обврски наметнуваат и потреба од обезбедување на големи финансиски средства за реализација на истите.

Воспоставување на ефикасен систем за управување со животната средина е голем предизвик, но воедно и обврска. Во тој процес најголема улога има националната власт, но и сите останати страни кои треба да бидат дел од системот, вклучително и локалната самоуправа. Република Македонија ќе се соочи со сериозни тешкотии во исполнувањето

на барањата на ЕУ во областа на животната средина, доколку веднаш не започне со решавање на проблемите кои меѓу другото треба да вклучат:

- Обезбедување на соодветен административен апарат за спроведување на законските надлежности, идентификација на проблемите и спроведување на активностите за нивно разрешување и одлучувањето за воспоставување на одредени мерки за заштита на животната средина на локално ниво
- Итна потреба за градење на капацитет кај единиците на локалната самоуправа во сите домени на заштитата на животната средина, вклучувајќи ги воспоставување на инспекција, спроведувањето на прописите, мониторингот, издавањето на Б интегрирани дозволи, одобрување на елаборати за животна средина и дел од другите надлежности, согласно барања од ЕУ и локалните состојби;
- Потребата за обука и насочување што треба да го организира централната власт во соработка со локалната самоуправа, со цел да се усмери и забрза фазата на транзиција и да се обезбеди соодветна вертикална координација помеѓу органите
- Подготвување и имплементација на обука на администрациите на локалната самоуправа за управување со животната средина и барањата на ЕУ во областа на животната средина, вклучувајчи ги ЗЕЛС и локалното политичко ниво (градоначалници, членови на советот, итн.)
- Подготвување на планови за имплементација на Директивите на ЕУ што бараат големи вложувања, како што се Директивата за вода за пиење, Директивата за пречистување на урбани отпадни води, Директивата за депонии и Директивата за големи постројки со согорување, и обезбедување на јасна дефиниција на улогата на локалната самоуправа во плановите
- Подготвување на планови за заштита на животната средина (ЛЕАП) на локално ниво и нивно континуирано ажурирање;
- Воспоставување на заеднички организациони регионални структури за решавање на проблемите од животната средина и развивање на инструменти и механизми за решавање на еколошките проблеми и за исполнување на новите обврски
- Изнаоѓање на можности за финансирање на локално ниво (да се планираат и да се обезбедат можности за финансирање за усогласување на комуналната инфраструктура во Република Македонија со барањата на ЕУ, преку координирање на локалните фондови со финансиското планирање на државно ниво)
- Обезбедување на едукација на јавноста за учество на локално ниво и за обезбедување на пристап до информациите на животната средина и активното учество на јавноста и невладиниот сектор во донесувањето на одлуки за животната средина е идентификувано како значаен сегмент, како и транспарентност на информациите и одговорноста и др.

DRAFT

2. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА

2.1. Дефиниција за ЛЕАП и цели

Локалниот акционен план за животна средина (ЛЕАП) кој е плански документ за заштита и унапредување на животната средина на ниво општина, каде се идентификуваат и приоретизираат еколошките проблеми во општината и се дефинираат соодветни мерки и акции кои што треба да се спроведат за да овозможат нивно решавање со што би се постигнало интегрирана заштита на животната средина и одржлив развој на општините. Системот на мерки и акции се ограничени со временска и финансиска рамка, затоа што општинските финансиски извори се ограничени и неопходно е нивно планирање со истовремена примена на ефикасни стратегии за разрешување на еколошките проблеми во општината.

Главна цел на Локалниот акционен план за животна средина е заштита и унапредување на животната средина преку решавање на актуелните еколошки проблеми на територијата на општина Липково.

За постигнување на оваа цел, потребно е да се реализираат следните чекори:

- проценување на моменталната состојба преку идентификација и приоретизација на проблемите во животната средина,
- дефинирање на мерки за заштита на животната средина преку изработка и реализирање на проекти за решавање на актуелните еколошки проблеми во општината (листа на планирани проекти кои општината планира да ги спроведе),
- зголемување на јавната свест за состојбата на животната средина во која што живеат и придобивките од заштита и унапредување на животната средина,
- вклучување на интересите на засегнатото локално население во донесувањето на општинските акциони планови за заштита на животната средина, зошто учеството на јавноста се гледа како право на поединецот и обврска на надлежниот орган.

Локалните акциони планови за животната средина, врз основа на оцената за степенот на загаденоста на животната средина во општината, содржат краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки и активности, од интерес и во надлежност на општината, за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, а особено за:

- Заштита на воздухот од загадување и за подобрување на квалитетот на воздухот;
- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанции во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода;
- Интегрирано управување со отпад;
- Заштита од бучава и вибрации настанати како резултат на стопанските и на другите дејности и активности;
- Одржлив урбан развој и просторно планирање;
- Подобрување и развој на локалниот јавен транспорт и сообраќајот на подрачјето;

DRAFT

- Зголемување на енергетската ефикасноств и искористување на обновливи извори на енергија;
- Развој на еколошко-културниот туризам и неговото влијание врз животната средина;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Одржливо управување и користење на природните богатства;
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина;
- Управување со последиците од економскиот развој врз животната средина и
- Зајакнување на капацитетите нанадлежните субјекти за спроведување на одделните елементи на планот.

2.2. Правна основа и законски обврски за изработка на ЛЕАП

Остварувањето на заштита на животната средина според Законот за животна средина е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање на заштитата и унапредувањето на животната средина, во согласност со вкупниот економски, општествен и културен развој на РСМ, во интерес на сегашните и на идните генерации. Обврската за изработка на општински планови за заштита на животната средина произлегува од член 60 од овој закон.

Општините врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина (НЕАП), се должни да донесуваат локални акциони планови за животната средина (ЛЕАП) кои задолжително се обновуваат на секои шест (6) години. Локалниот акционен план за животната средина го донесува Советот на општината, а го спроведуваат градоначалникот на општината и правните и физичките лица кои се определени во планот.

Според член 22 од Законот за локална самоуправа, надлежност на општината е да ја заштити животната средина и природата и да спроведе мерки за заштита и спречување на загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење. ЛЕАПот претставува плански документ во кој се анализираат еколошките проблеми во општината и се предложуваат мерки за нивно решавање со акциски план во финансиска рамка. При подготовката на ЛЕАП неопходно е да се овозможи активно вклучување на граѓаните во процесот на одлучување на приоритетни еколошки проблеми и овозможување на слободен пристап до информациите за животната средина во општината.

Органите на општината, комисиите на Советот и јавните служби основани од општината се должни, без надоместок да ги информираат граѓаните за својата работа, како и за плановите и програмите кои се од значење за развојот на општината. Исто така, засегнатата јавност има право на учество во донесувањето на одлуки, при што општината е должна да ја извести јавноста за сите предлози за изработување, донесување, изменување или ревидирање на планови и програми, по пат на јавни известувања или електронски и печатени медиуми, како и да овозможи на јавноста пристап до информации за предлозите, вклучувајќи и информации за правото на јавноста да учествува во постапката за одлучување по плановите и програмите и надлежниот орган до кого можат да се поднесуваат забелешки и прашања.

Учеството на јавноста во сферата на заштита на животната средина е регулирано преку:

Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристап до правда за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција) и Член 61, Постапка за донесување на планските документи, изготвувањето на прописи и учеството на јавноста во постапката, од Законот за животната средина.

Законот за животна средина ги утврдува следните надлежности на општините:

- Формирање на локални мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области на животната средина и доставување на податоци од истите до МЖСПП;
- Можност за воспоставување на Регистер на загадувачки материи и супстанции и на нивните карактеристики за подрачјето на општината и Катастар за животна средина и доставување на податоците од истите најмалку еднаш месечно до МЖСПП;
- Изработка на извештај за состојбата со животната средина на подрачјето на општината, кој треба да биде достапен за јавноста;
- Обврска за подготовка на Локален акционен план за животна средина за период од шест (6) години согласно донесена методологија од страна на министерот за животна средина;
- Спроведување на постапка за стратешка оценка на влијанијата врз животната средина (СОЖС) на одредени планови и програми;
- Обезбедување на правото за пристап до информации за животната средина и учество на јавноста во донесување на одлуки за животна средина;
- Изготвување на надворешен план за вонредни состојби (спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции) и доставување на истиот до МЖСПП;
- Обврска за поставување на овластени инспектори за животна средина на локално ниво.

Законот за квалитет на амбиентниот воздух ги утврдува следните надлежности на општината:

- Обврска за изготвување на програми и планови за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Донесување на поединечни акти во одредени случаи во оваа област;
- Воспоставување на локални мрежи за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на локално ниво;
- Обезбедување на правото за пристап до информации и учество во донесување на одлуки во оваа област;

Законот за управување со отпадот ги утврдува следните надлежности на општината:

- Управување (постапување) со комунален и други видови неопасен отпад;
- Донесување на План за управување со отпадот на територија на општината;
- Донесување на Програма за управување со отпадот на територија на општината;

- Донесување на акти со кои ќе се регулираат селектирањето, собирањето и транспортирањето на комунален и други видови неопасен отпад;
- Соработка со другите општини во врска со управување со комунален и други видови неопасен отпад;
- Реализирање на проекти и преземање на инвестициони зафати за подобрување на општата состојба со управување со отпад;
- Постапување во согласност со општите правила за постапување со комунален и други видови на неопасен отпад;
- Доставување на извештаи за спроведување на своите програми за управување со отпад;
- Градоначалникот на општината ги определува локациите за складирање на неопасен отпад во близина на местото каде се создава, локациите каде можат да бидат изградени, односно поставени претоварните станици;
- Градоначалникот на општината е должен добиените податоците (од правни и физички лица кои се занимаваат со таа дејност) за собран и транспортиран комунален и друг вид неопасен отпад во вид на консолидиран извештај да ги достави до надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на животната средина, најдоцна до 31 март во тековната година за претходната година;
- Одржување на јавната чистота и постапување со напуштениот отпад на јавните и сообраќајни површини во урбаните средини и во неурбанизираниот простор на своето подрачје;
- Можност за основање на депонија за неопасен и за инертен отпад (градежен шут) – ја основаат правни лица врз основа на дозвола и склучен договор за извршување на работи од јавен интерес од локално значење со општината;
- Можност за основање на заедничка администрација со друга општина (или повеќе општини) која ќе врши мониторинг на управувањето со отпад;
- Можност за определување на надоместок за управување со отпад во висина од 1-2% од цената за извршена услуга за собирање и транспортирање на комунален отпад;
- Надзор на управувањето со отпад – овластен инспектор за животна средина и др.

Законот за природа ги утврдува следните надлежности на општината:

- Можност да дава предлог за прогласување на строг природен резерват, подрачје на дивина, национален парк, споменик на природата, парк на природата, заштитен предел, повеќенаменско подрачје и природна реткост,
- По еден претставник од општините се дел од управниот одбор на јавната установа Национален парк во чие подрачје се наоѓа националниот парк.

Законот за води ги утврдува следните надлежности на општината:

- Општината може да му укаже на МЖСПП, за потребата од определување на заштитна зона (водни тела наменети за консумирање од страна на човекот);

- Општината донесува програма на мерки со цел за подобрување на квалитетот на водите за капење со што категоризацијата на водите за капење би се подигнала на категорија добри или одлични;
- Општината е должна да ги собере, одведе и пречисти отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нејзино подрачје, нивно соодветно третирање;
- Општината е должна да ги чисти и одржува одводните системи;
- Општината е должна да се грижи за празнење на септичките јами, согласно со потребите;
- Општината е должна да дозволи испуштање на индустриски отпадни води во канализационите системи и да обезбеди услови за нивно одведување, собирање и прочистување;
- Владата на РСМ во соработка со градоначалникот на општината, се должни да обезбедат систем за собирање на отпадните води во секое населено место со повеќе од 2.000 е.ж. и нивно соодветно прочистување;
- Општината е должна да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман;
- Општината е надлежна за заштита и одбрана од поплави и за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја;
- Заради спроведување на Програма за заштита од штетно дејство на водите, Советот на општината донесува оперативен плано за заштита и одбрана од поплави за загрозените подрачја на предлог на градоначалникот на општината;
- Општините кои управуваат со брани и акумулации и со заштитни насипи, се должни овие објекти да ги користат и одржуваат на начин што обезбедува прифаќање на поплавните бранови, како и обезбедување на нивна заштита од елементарни непогоди;
- Во населените места ширината на крајбрежниот појас ја определуваат Советот на општините, на предлог на градоначалникот на општините, по претходна согласност на МЖСПП и го уредуваат пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности;
- Советот на општините се должни на територија под нивна надлежност да ги определат границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија и да ги утврдуваат мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација;
- Градоначалникот на општината е должен да преземе мерки за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје, освен во подрачјата на правно лице;
- Општините се должни да подготват и објават извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите;
- Градоначалникот на општината е должен да обезбеди безбедна и чиста вода за консумирање и развивање и одржување на ефикасен и економичен систем за водоснабдување со вода за пиење во доволни количини и според барањата до сите законски корисници;

- Градоначалникот на општината, во соработка со правното лице коешто врши јавно водоснабдување е должен, во случај на отстапувањето на стандардни вредности на параметри на водата, веднаш и без одлагање да ги преземе потребните мерки за санација, да го ограничи или забрани користењето на водата по потреба и да го информира органот надлежен за безбедност на храна и засегнатото население;
- За работите од надлежност на општината, инспекциски надзор над примената на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон вршат овластени инспектори за животна средина на општините.

Заштитата на почвите се регулира во неколку закони, меѓу кои законите за животна средина, природата, шумите, водите и управувањето со отпадот.

Просторниот план на РСМ и ***Законот за земјоделско земјиште*** покриваат одредени сегменти кои се однесуваат на искористувањето на земјиштето.

Законот за локална самоуправа утврдува листа на надлежности на општините меѓу кои и урбанистичко планирање, заштита на животната средина и природата и комунални дејности (снабдувањето со вода за пиење, одведување и пречистување на отпадни води, постапување со комунален отпад, изградба, одржување и реконструкција на инфраструктурни објекти и друго).

2.3. Организациска структура

Според Законот за животна средина (член 60 став 2), Советот на општината, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесува Локални акциони планови за животната средина. Процесот за изработка на ЛЕАП започнува со поднесување на иницијатива за изработка на ЛЕАП од страна на градоначалникот и усвојување на истата од страна на Советот на општината.

Усвоената иницијатива за изработка на ЛЕАП од страна на Советот на општината подразбира започнување со процесот на изработка на ЛЕАП, односно реализација на првата фаза: формирање на организациска структура за изработка на ЛЕАП.

Заради успешна реализација на процесот на изработка на ЛЕАП, а имајќи ги во предвид интересите на сите сектори во заедницата, организациската структура за изработка на ЛЕАП се состои од:

1) Локален координатор

2) Локален комитет и

3) Работни групи

На 28.01.2022 година од страна Советот на Општина Липково донесен е заклучок за усвојување на иницијативата за изготвување на Локален акционен план за животна средина (ЛЕАП) на Општина Липково во рамки на проектот „Помалку ѓубре, помалку ризици, повеќе здравје“ финансиран од ИПА II Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Србија и Република Северна Македонија 2014-2020 година.

По донесување на Заклучокот за прифаќање на иницијативата за изработка на ЛЕАП, на 28.01.2022 година, Советот на Општина Липково донесе Одлука за формирање на локален комитет за проектот „Изработка на ЛЕАП за Општина Липково“.

На 07.02.2022 градоначалникот на Општина Липково – Еркан Арифи, донесе Решение за именување членови на Локален комитет за изработка и спроведување на ЛЕАП на Општина Липково.

Локалниот координатор на ЛЕАП за Општина Липково 2022-2028 е Џезми Муслији од Сектор за урбанизам, комунални работи и локален економски развој.

ЛОКАЛЕН КОМИТЕТ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛЕАП

Членови:

Зекирја Шаини – Претстедател на Советот на Општина Липково

Валдете Рамадани – Директор на ЈКП ПИША, с. Липково

Башким Адеми – Раководител на Сектор

Согласно Решението за именување членови на Локален комитет за изработка и спроведување на ЛЕАП на Општина Липково, формирани се пет (5) тематски работни групи, со по еден (1) координатор и три (3) членови, но во текот на процесот на изработка на ЛЕАПот се вклучија и други членови.

РАБОТНА ГРУПА – ВОЗДУХ, ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Координатор: Џемал Мемети – Раководител на одделение

1. Феим Селмани, член
2. Јетмир Исени, член
3. Валон Мустафа, член

РАБОТНА ГРУПА – ВОДА И ВОДНИ РЕСУРСИ

Координатор: Хирмете Мурати – Инспектор за животна средина

1. Шпреса Зендели – ЈКП, член
2. Газменд Османи – ЈКП, член
3. Зулејха Пајазити, член

РАБОТНА ГРУПА – ПОЧВА, ЗЕМЈИШТЕ, ПРИРОДА И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Координатор: Дије Арифи – Помошник раководител

1. Јетмир Исени, член
2. Феим Селмани, член
3. Газменд Бакији, член

РАБОТНА ГРУПА – УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Координатор: Валдете Рамадани

1. Газменд Бакији, член
2. Газменд Османи, член
3. Осман Зендели, член

РАБОТНА ГРУПА – ИНФРАСТРУКТУРА, БУЧАВА И НЕЈОНИЗИРАЧКО ЗРАЧЕЊЕ

Координатор: Феим Селмани

1. Ваџид Алија, член

DRAFT

2. Мирвете Нуредини, член
3. Ферсан Адеми, член

DRAFT

2.4. Методологија за изработка на ЛЕАП

Локалниот акционен план за животна средина за Општина Липково е изработен согласно процесот и постапката наведена во Националната Методологија за подготовка на ЛЕАП, а усвоена од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање. Процесот на изработка на документот се одвиваше низ неколку фази:

1) Формирање на локален комитет за изработка и спроведување на ЛЕАП, од страна на Советот на Општина Липково на иницијатива на градоначалникот. Комитетот беше составен од претставници на локалната власт, вработени во општина Липково, советници во Советот на О. Липково, претставници од јавниот и приватниот сектор;

2) Избор на локален координатор, назначен од градоначалникот, кој е вработен во општината за координирање на работните групи, водење состаноци, информирање на јавноста и техничка поддршка;

3) Избор на пет (5) тематски работни групи составени од членовите на локалниот комитет за изработка и спроведување на ЛЕАПот и други членови кои на своја волја се приклучија во процесот на изработка;

4) Информирање и вклучување на јавноста преку јавни соопштенија за вклучување на сите засегнати страни во изработка на ЛЕАПот, пополнување на анкета на општинскиот веб-портал и фејсбук порталот;

5) Оцена на состојбата со животната средина од страна на работните групи, односно дефинирање на детална листа/извештај од проблеми од областа на пет (5) медиуми од животна средина во соработка со избраниот консултантски тим со користење на ДПСИР методологијата (Driving force - Движечки сили, Pressure - Притисок врз животната средина, State of the environment – Состојба со животната средина, Impact – Влијание врз човековото здравје и природата, Response – Одговор од страна на надлежните институции);

6) Приоретизација на проблеми со животната средина според повеќе критериуми со оценување на нивното влијание врз секој од приоритетните проблеми од страна на Локалниот Комитет;

7) SWOT Анализа е метод на стратешко планирање, кој се користи за проценка на (strengths – јаки страни/предности, weaknesses – слаби страни, opportunities – можности и threats - закани). Оваа алатка е од суштинско значење бидејќи следните чекори во процесот на планирање за постигнување на избраната цел може да произлезат од СВОТ анализита.

8) PEST Анализа (Political, Economic, Social и Technological) е метод на управување со кој една организација може да ги процени главните надворешни фактори кои влијаат на нејзиното работење со цел да стане поконкурентна на пазарот.

9) Поставување на јасно остварливи цели и мерки за решавање на приоритетните проблеми;

10) Утврдување на механизми и акции за спроведување на утврдените цели и мерки во одредена временска и финансиска рамка;

11) Утврдување на оперативни механизми за следење, оценување на спроведување и ревизија на ЛЕАП.

DRAFT

2. ПРИРОДНО-ГЕОГРАФСКИ И СОЦИОЕКОНОМСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО

2.1. Географска положба

Општина Липково се наоѓа во северниот дел на Република Северна Македонија и со површина од 270 km² и 109 жители на km² влегува во група на средни до мали рурални општини. На територијата на општината има 22 населени места кои претежно се наоѓаат на просечна надморска височина од 365 метри. Населените места се лоцирани во падините на Скопска Црна Гора и македонскиот дел на котлината Жеглигово, по течението на Липковска Река, десна притока на Кумановска Река. Населени места во општина Липково се: Алашавце, Белановце, Ваксинце, Виштица, Глажња, Гошинце, Думановце, Злокуќане, Извор, Липково, Лојане, Лукаре, Матејче, Никуштак, Опае, Оризари, Отља, Р'нковце, Ропалце, Руница, Слупчане, Стража и Стрима.



Слика 1. Местоположба и населени места во О. Липково

Поголемиот дел од територијата припаѓа на сливните области на реките Липковска, Лојанска и Ваксинска. На територијата на општината Липково има две брани: Липковска и Глажња, кои имаат потенцијал да прераснат во локации од интерес за туристите.

На север се граничи со Република Косово и Република Србија, на исток со Општина Куманово, на југ со Општина Арачиново, а на запад со општина Гази Баба и Чучер-Сандево. Комуникацијата со соседните земји се остварува преку три патни гранични премини (Табановце-Куманово и Прохор Пчински-Старо Нагоричане кон Србија и Деве Баир-Крива Паланка кон Бугарија). Во источниот дел од општината се наогаат инфраструктурни објекти од типот на автопат и железничка пруга, кои се од меѓународно значење, поради поврзувањето во правец север-југ.

2.2. Рељеф, геолошки и педолошки карактеристики

Територијата на Општината Липково се одликува со различен геолошки состав и мошне сложена тектонска структура. На нејзината територија се јавуваат разни видови на седиментни, метаморфни и магматски карпи кои имаат палеозојска, мезозојска и терцијална-квартерна старост.

Карпите на овој простор се изградени од кристализирани варовници, серпентин, гранит и мермер од "Велешката серија". Метаморфниот комплекс на оваа серија е доста сложен и се карактеризира со литолошки различности и со различни кршења на тектонски комплекси. Меремерите во овој реон се појавуваат во многу зони и различни форми, пред се во околината на Лојане, Никуштак и на други локации. Тие имаат форма на плочи и изразита масовност, а се во тесна врска со кварцитите. Серпентиската маса се појавува околу Лојане како издолжена маса со правец на протегање од северозапад, која потекнува од периодот Јура. Во околината на село Слупчане, се појавува серија на гранити, дијабази и габродиорти.

Квартерните седименти се претставени со песочни карпи, конгломерати, алувијални седименти и друго. Поголемиот дел од овие седименти се јавуваат во зоната на излезните делови на реките од планискиот комплекс. Ваквите седименти имаат широко простирање во коритото на Лојанска река, Сува Река, Слупчанска Река и др. каде поради обилните дождови се јавува деградирање на земјоделското земјиште од наносен материјал. Серпентинскиот масив кај Лојане претставува една целина со повеќе култури, издвоена во неколку одделни маси со правец на протегање кон северозапад, во вид на тектонски вклештени серпентински леќи во карпите од периодот на Палеозоик и Јура. Од рудите позначајни се анимонот и арсенот во риолитите и серпентините кај село Лојане, додека во атарот на селото Никуштак се јавува антимон и никел.

Општина Липково е поделена абразивна тераса со висина од 365-480 m. Овие плодни алувијални тераси создаваат попогодни услови за подобро земјоделство, особено за одгледување на: тутун, пченица, пченка, јачмен, зеленчук, овошје и лозја.

Топографски, општина Липково се наоѓа во областа каде што се спојуваат котлината (долниот дел) и ридовите (ридскиот дел) од Липковското езеро и Глажња. Планинскиот релјеф е претставен преку планините во границата на населеното место Матечје (Вуксан, Смилавица, Остерц). Планинскиот релјеф се состои од терен со надморска височина од 580-1050 m, а рамничарскиот релјеф на општината се состои од терен со надморска височина од 365-480 m. Во однос на аграрните структури, доминираат шумите со 9.668 ha, обработливото земјиште 8.256 ha, а пасиштата 4.375 ha.

На следната фотографија е даден дигитален приказ на типовите на почва во општина Липково според површина во хектари која ја зафаќаат и видот на почва. Најголема површина е под кафеава шумска почва, ранкер и лептосол.



Површина(ha)	Тип на почва
11824,71	Кафеава шумска почва, Ранкер и Лептосол
611,72	Варовничко-доломитна црница и Кафеава почва врз варовници и доломити
328,61	Регосол
5231,7	Кафеава шумска почва и Ранкер
370,3	Лептосол
1330,72	Колувијална почва
1803,39	Флувијатилна почва
1515,67	Смолница
1547,53	Циметна шумска почва
244,33	Циметна шумска почва и Смолница
298,16	Населено место
7,9	Регосол и Смолница

Слика 2. Типови на почва во О. Липково
(Извор: Македонски почвен информативен систем MASIS (ukim.mk))

2.3. Хидрографски карактеристики

Подрачјето на општина Липково му припаѓа на сливното подрачје на Липковска и Лојанска река, кои понатаму се влеваат во Табановската река, а таа пак се влева во реката Пчиња.

Едно од главните обележја на овој регион се прилично атрактивните вештачки акумулациони езера Липково и Глажња. Липковското Езеро се наоѓа на Липковската Река, во непосредна близина на населеното место Липково. Изградено е 1958 година на површина од 0,40 km2, а во него се акумулирани 2.250.000 km3 вода.

Низводно по Липковска река се наоѓа поголемото езеро наречено Глажња. Поставено на североисточните падини на Скопска Црна Гора, изградено во 1973 година, тоа собира 22.000.000 m3 вода и е одлично место за риболовци на речна пастрмка, крап, карас, клен, белвица и други видови риба.

Липковска Река е еден од најголемите водотеци во Липковско-Карадачкиот регион и Скопско-Црна Гора. Формирана е од многу реки, потоци и привремени водни текови. До излезот кон Липковската рамнина има карактер на планинска клисура, со длабоки засеци и тесни страни.

Хидрографската мрежа на река Слупчанска ја сочинуваат еден постојан водотек од изворот па низводно до вливот во р. Липковска, односно река Слупчанска и голем број постојани и непостојани водотеци како притоки на река Слупчанска. Главни водотеци кои ја сочинуваат река Слупчанска во нејзиниот изворишен дел се Беловечка Река која извира под врвот Црн Врв и левата притока Стража која извира од врвот Стража (1100 м.н.м.). Во долното течение на реката на кота 462 м.н.м. се влева десната притока Бела Вода. Највисоката точка на сливот на река Слупчанска се наоѓа на кота 1288 м.н.м. додека самата река Слупчанска извира на кота 1150 м.н.м. Река Слупчанска има вода текот на целата година но во екстремно сушните летни периоди од годината во недостаток од врнежи протекот може да падне на многу ниско ниво од само некоку литри во секунда. Голем дел од притоките (суводолици) особено во средниот и во долниот тек, во времето на интензивните дождови добиваат буичарски карактер, со голема транспортна моќ на наноси и често пати прават големи штети во подрачјето на населбите како и во

обработливите земјоделски површини во околината на с.Слупчане.

Реката Лојане, која е составена од мали и големи реки, има посебен излив и се влева во реката Табановца. На врвот на реката има стрмни падини од Лојанската рамнина, поради гранитното корито има исклучително чиста вода до селото Лојане. Оваа река е погодна за изградба на мала акумулација за водоснабдување и наводнување на земјоделски површини за што е изработена и техничка документација.



Слика 3. Хидролошки потенцијал во О. Липково

2.4. Биодиверзитет и природно наследство

Во општина Липково се наоѓаат следните заштитени подрачја:

- Споменик на природата, Орашац кој е карактеристичен поради медитеранската маринска провинција од горна јура на територијата на РСМ;
- Даб Благун, Орашац. Дабовото стебло (Quercus pubescens) се одликува со значајни хабитуелни карактеристики и добра физиолошка состојба;
- Бислимска клисура (предлог заштитено подрачје) долга 6,5 km и сместена во цврсти варовнички карпи на ридот Краста од западната и ридот Голиќ од источната страна и се одликува со голем број на пештери.

Во регионот на општина Липково доминира трева и шумска вегетација во споредба со остатокот од Липковскиот регион, со разновидни шумски заедници. Дабовите шуми и белата смрека се среќаваат во вид на појас по работ на Липковската Котлина на околу 800 метри надморска височина, од двете страни од устието на Липковска река, до селото Думановце. Заедницата е термо-ксерофилна со доминација на благун придружен со бел габер на мала површина на 700 мнв, која е подеднакво деградирана со појава на смрека, бела смрека, црна смрека, а на приземјето и ксерофилни пасишта итн.

Шумите од див леска и црн габер се наоѓаат во селото Белановце (1950-1137мнв). Расте на варовнички терен, со доминација на црн габер. Дабови шуми и смрека има на мали површини околу планината во селото Думановце и на многу места во регионот на Липково-Карадак.

Карактеристични видови на флора: Juniperus oxycedrus, Phillyrea media, Paliurus spina-christi, Minuartia glomerata, Salix alba, Populus nigra, Ranunculus trichophyllus и други.

Карактеристични видови на габи се: Radulomyces molaris, Vuilleminia comedens, Peniophora cinerea, Laetiporus sulphureus, Phellinus igniarius и други.

Карактеристични видови на Без'рбетници се: Пеперутки (Anthocharis cardamines, Thymelicus sylvestris, Lycaena tityrus); Правокрилци (Carabus granulatus); Бубачки (Carabus convexus dilatatus, S. Bifasciata); Штурци (Tylopsis lilifolia)

Карактеристични видови на 'рбетници се: Водоземци и влечуги (Саламандер - Salamandra salamandra, обичниот тритон - Lissotriton vulgaris, езерската жаба - Rana ridibunda, Natrix natrix, огнена жаба - Bombina variegata); Птици (Streptopelia turtur, Cuculus canorus, Hippolais pallida, коприварче - Cettia cetti); Цицачи (дивата свиња - Sus scrofa и жолто-вратестиот глушец - Apodemus flavicollis, дивата мачка - Felis sylvestris, еж - Erinaceus concolor, Crocidura suaveolans.

Животинскиот свет е разновиден и покрај интензивниот лов на диви животни. Во овие делови се среќаваат мечка, лисица, волк, зајак, различни птици (околу 180 видови), различни видови влекачи итн.

2.5. Климатски карактеристики

Климата во Општина Липково е под силно влијание на студените воздушни маси кои дуваат од север, особено за време на зимскиот период, кои влијаат на намалување на температурите на воздухот. Од друга страна, преку долината на реката Вардар, од север навлегуваат влијанијата на Медитеранот, што го покажуваат типичните медитерански растенија.

Со оглед на фактот дека во општината нема метеоролошка станица, податоците за температурата се добиени врз основа на податоците од станицата во Куманово и Скопје. Поради поголемата надморска височина просечната годишна температура во Општина Липково е пониска од Скопската котлина и изнесува 11,7°C. Просечното годишно температурно колебање изнесува 21,9°C што покажува дека годишниот од на температурата на воздухот е под умерено континенталното климатско влијание. Просечна годишна минимална температура изнесува 8,0°C, а просечните месечни температури имаат вредност под 0°C само во јануари и февруари. Апсолутно минималната температура за овој период изнесува -24°C забележана на 27 јануари 1954 година. Просечниот мразен период изнесува 157 дена, екстремниот мразен период изнесува 231 ден, додека вистинскиот просечен годишен број на мразни денови изнесува 79.

Во летниот дел од годината во ова подрачје топлиот континентален воздух условува доста високи температури на воздухот просечната годишна максимална температура изнесува 17,4 °C. Апсолутно максимална температура изнесува 40 °C. Просечно годишно има 105 летни и 43 тропски денови. Летните денови се јавуваат од март заклучно со октомври со максимум од јули и август, а тропските денови се јавуваат од мај до октомври, со максимум во летните месеци јули и август.

На годишно ниво, во регионот паѓаат 550 mm дожд, при што најголемите врнежи се појавуваат во пролет и есен, поточно во мај (72,1 mm). Од друга страна, летото е суво и има најслаби врнежи, а месец август е најсушниот месец (30,2 mm).

Просечно годишно има 24 дена со појава на снежен покривач, кој се јавува од ноември до април. Просечната годишна релативна влажност изнесува 72 % со максимум во декември просечно 85%, а минимум во август просечно 60%.

Просечната годишна облачност изнесува 5,3 десетини, со максимум во јануари, просечно 7,4 десетини и минимум во август, просечно 2,8 десетини. Од вкупниот број на денови во годината 24% се ведри денови, 29% се тмурни, а 47% се со среднодневна облачност од 2, а помала од 8 десетини (облачни).

2.6. Демографски карактеристики

По своите карактеристики општината Липково е типично рурална општина и ги поседува сите услови за брз и одржлив рурален развој. Општината Липково брои 27.058 жители или 107 на km2, во 22 населени места. Жителите се сместени во 5.790 станови или во секое семејство (домаќинство) живеат по 4.67 лица. Бројот на домаќинства е 5.340 или во секое домаќинство живеат просечно 5,07 членови. Ова укажува на релативно несоодветна положба на населението, според современите животни стандарди.

Во населеното место Липково живеат 2.644 жители или 11,60% од вкупниот број во општината. Поголеми населби од централните населби се: Матејче, Слупчае, Отља и Лојане.

Мажите се побројни од жените, изразено во проценти 52% (13.701) мажи и 48% (13.348) жени.

Во однос на етничката припадност во оваа општина живеат главно Албанци, а од другите националности кои живеат во државата и се идентификувани: 169 Македонци, главно во село Опае, потоа Власи, 370 Срби, од кои 325 во Матејче и 152 други со други етникуми кои не се вратиле во своите матични земји од војната во 2001 година.

Бр.	Населено место	Број на жители
1	Липково	2644
2	Алашевце	126
3	Белановце	7
4	Ваксинце	2479
5	Виштица	991
6	Глажња	54
7	Гошинце	424
8	Думановце	0
9	Злокуќане	12
10	Извор	4
11	Лојане	2682
12	Матејче	3394

13	Никуштак	1748
14	Опае	1996
15	Оризаре	2096
16	Отља	3148
17	Рнковце	21
18	Ропалце	1373
19	Руница	69
20	Слупчане	3769
21	Стрима	3
22	Стража	0

Табела 1. Населени места во Општина Липково

2.7. Економски и стопански карактеристики

Според податоците од Државниот Завод за Статистика Североисточниот регион остварува БДП (бруто домашен приход) од околу 78.240 ден. по жител. Обемот на инвестиции во основни средства во регионот е низок и е под просекот за државата. Најголемиот дел од претпријатијата во Североисточниот плански регион 90,2% се микро компании, а потоа следат малите претпријатија со 7,6%. Нивното учество е поголемо од учеството на МСП во вкупниот бројот на претпријатија во Република Северна Македонија.

Дејност	Број на субјекти
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	67
Градежништво	32
Транспорт и складирање	30
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	24
Преработувачка индустрија	20
Дејности на здравствена и социјална заштита	13
Други услужни дејности	13
Образование	11
Стручни, научни и технички дејности	8
Земјоделство, шумарство и рибарство	6
Финансиски дејности и дејности на осигурување	2
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината	1
Административни и помошни услужни дејности	1
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	1
Уметност, забава и рекреација	1
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	-
Рударство и вадење на камен	-
Информации и комуникации	-
Дејности во врска со недвижен имот	-
Дејности на домаќинствата како работодавачи	-
Дејности на екстериторијални организации и тела	-

Вкупно	230

Табела 2. Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.1, општина Липково

Согласно Заводот за статистика и податоците за активни субјекти по сектори на дејност во 2021 година, најмногу активни субјекти се евидентирани во трговијата на големо и мало, градежништво, транспорт и складирање, објекти за сместување и сервисни дејности со храна, преработувачка индустрија, а има неколку сектори каде воопшто не се евидентирани деловни субјекти.

Приватниот сектор има ангажирано мал број луѓе, главно во трговијата и некои мали здруженија за производство на цементни тули, бекатонски плочки и мелници (Опае, Слупчане, Липково и Ропалце).

Сепак, главна стопанска дејност на населението (каде спаѓаат и индивидуални и семејни занимања и дејности) е земјоделството, каде е ангажирано 95% од активното население. Користењето на земјиштето (според CORINE) во општината е: Земјоделството се практикува на површина од 22.599 ха од кои 36% отпаѓаат на обработливо земјиште, кое делумно се наводнува од Липковскиот хидросистем. Пасиштата завземаат 19,3%, додека шумите се најраспространети на површина од 9.968 хектари. Земјоделството е стратешка гранка за развојот на општина Липково и затоа главна стратешка цел на локалната самоуправа и понатаму останува ставање на земјиштето во функција на производството на здрава храна и на руралниот развој, како базична цел за сеопштиот економски развој на општината.

Во општината Липково ги има сите предуслови за развој на интензивно и современо земјоделство. Се произведуваат продукти од областа на полјоделството, градинарството, овоштарството, лозарството, тутунопроизводството итн. Со примена на современи агротехнички мерки и едукација на земјоделците за производство на храна по стандардите на ЕУ, многу семејства ќе имаат можност својата егзистенција да ја најдат во земјоделството. Со искористување на сите квалитетни обработливи површини ќе се створат предуслови за производство со високи приноси, како и предуслови за привлекување на странски инвестиции.

Покрај земјоделството и сточарството е високо профитабилна гранка и може да обезбеди пристојна егзистенција на многу семејства во општината. Претежно се одгледуваат крави и овци, а голем број фармери кои што се занимаваат со производство на млеко и месо во изминатиот период изградија современи фарми прилагодени на европските стандарди, со сопствени инвестиции и со помош од предпристапните фондови на ЕУ. Поради несубвенционирање на овчарството од страна на државата во изминатиот период не постоеше интерес од страна на фармерите. Во последните пет години со почетокот на субвенционирање на женските јагнињa за зголемување на понатамошната репродукција, интересот на сточарите нагло се зголеми. Козарството е застапено во обем на елементарни домашни потреби, но со поттикнување на субвенциите од страна на државата и поволни кредитни линии и оваа гранка на сточарството може да се развива, од аспект на тоа што во Општината Липково постојат извонредни услови за развој на козарството. Со промена на политиката на државата кон сточарството, што подразбира инвестирање и субвенционирање на истото, во општина Липково за многу краток период можат да се створат услови за развој на сточарството, со оглед на тоа дека постојат исклучително поволни услови за развој на оваа доходовна гранка во земјоделството.

Во Општина Липково постојат реални услови за развивање на алтернативен, рурален како и манастирски туризам, иако сегашната состојба говори за неразвиена туристичка

понуда и непостоење организирани напори за нејзино претставување. Двете хидроакумулации Липково и Глажња се предуслов и воедно нова можност за развој на многу гранки од туризмот кои можат да се практикуваат во општина Липково, покрај моменталните спортски риболов и рекреација.

2.8. Водоводна инфраструктура

Во однос на системот за снабдување со хигиенска и санитарна вода, Општина Липково има недостаток од квалитетна вода за пиење. Систем за водснабдување речиси да нема. Ниедна селска населба нема водоводна мрежа и не е снабдена со квалитетна вода за пиење. Населението со вода за пиење се снабдува од селски бунари и од издашни планински потоци. Во некои населени места постојат водоводни мрежи кои покриваат само дел од населените места и нивните потреби за вода, но тие се со лош квалитет и неквалитетна вода за пиење. Посебно проблематични се водите кои ги користи населението од рамничарските населби, бидејќи се загадени со разни тешки метали, а многу често (во случај на поплави) се загадуваат од фекалните води (септички јами) и др. Тие води не се контролираат од санитарни и здравствени установи. На територијата на Општина Липково е изградена акумулација за вода за пиење и наводнување со капацитет од 27 милијарди m^3, но Липково нема систем за снабдување со вода за пиење. Оваа акумулација ги опслужува Куманово и другите населени места.

Во одредени временски периоди, а особено во летната сезона (поради намалена издашност на селските бунари) се случува населението да нема вода и по неколку дена. Владата даде дозвола за користење на водата од браните, додека количината на користење е ограничена на 25 л/сек., што е дозволено само за две населени места, Липково и Оризари.

Голем проблем во Општина Липково се и отпадните води (канализицикси систем не постои), кои се преполни со штетни бактерии и други отровни агенси и ги загадуваат подземните води, односно индивидуалните извори (бунарите) почвите, дворовите итн.

Во општина Липково не постои Јавно претпријатие за водоснабдување, бидејќи населените места не се поврзани со систем за водоснабдување и секое населено место се снабдува со вода на различен начин. За некои од населените места постои техничка документација за изградба на систем за водоснабдување и систем за одведување на отпадни води. Исто така постојат заложби за формирање на заедничко јавно комунално претпријатие кое ќе стопанисува со системот за водоснабдување и одведување на отпадни води на територијата на општина Липково.

2.9. Сообраќајна инфраструктура

Сообраќајната инфраструктура во Општина Липково (според податоци од 2019 година) е претставена со локална патна мрежа, односно 203 патни правци, од кои 107 направени со асфалт и коцка, 35 се од макадам, 42 земјани и 19 непробиени.

Рамничарските населби главно се поврзани со асфалтни патишта, а со главната артерија на патот во релација Липково-Куманово, со која се поврзани и други патишта.

Во 2000 година е изграден патниот правец Ваксинце - Слупчан, Слупчан - Оризаре и Матејче - Никуштак.

Од регионалните патни правци низ овој регион поминуваат:

- Р2133 - Куманово (врска со Р1104) - Липково - Матејче - Никуштак - врска со Р1104, во должина од 20,9 km. Делницата 2133 помеѓу Куманово и Опае, неодамна е рехабилитирана.
- Р29272 - Опае (врска со Р2133) - Слупчане - Белановце - Злокуќане - гр. со Р. Косово, во должина од 16,2 km

Патните правци Р29178 – Лојане-граница со Србија (Миратовац), Р29272 – Опае-Слупчане-Белановце-Злокуќане-граница со Косово и Р29277 - Клечовце-Бељаковце-Шопско Рударе-Секулица (врска со Р2247) се патни правци кои треба да се рехабилитираат за да ги исполнат критериумите за регионални патишта.



Слика 4. Патни правци во О. Липково



Слика 5. Железничка инфраструктура на Североисточниот регион

За Североисточниот регион се важни две железнички линии:

1) Железнички коридор 10: Атина – Солун – Скопје – Куманово - Ниш – Белград – Загреб – Љубљана-Салзбург

2) Железнички коридор 8: Драч – Тирана – Ќафасан – Кичево – Скопје - Куманово - Крива Паланка – Гуешево – Софија – Пловдив - Стара Загора - Варна/Бургас, кој сеуште е недоизграден, а во тек е реконструкција и рехабилитација на пругата Куманово – Бељаковце. Оваа железничка пруга е од огромно значење за целокупниот оштествено-економски развој на Североисточниот регион.

Железничката мрежа во Североисточниот регион не обезбедува добра покриеност на општините од регионот освен на општините Куманово и Липково кои имаат подобра покриеност со железнички услугии. Регионот има една позначајна железничка станица во општината Куманово, а квалитетот на железничките услуги е на ниско ниво и се нераздвоен дел од општата состојба со железничкиот превоз на национално ниво.

2.10. Социјала, образование, спорт и култура

Во општина Липково нема центар за социјална заштита, се користи центарот на општина Куманово, кој е финансиран од Министерството за труд и социјална политика.

Детската градинка „Презја“, е единствена градинка за деца од предучилишна возраст која се наоѓа во село Оризаре.

Основно образование во општината е организирано во 6 централни и 10 подрачни (вкупно 16) училишта од редовното, задолжително образование. Наставата се изведува

на албански и македонски наставен јазик. Согласно податоците во учебната 2018/2019-та год. Во општина Липково имало 179.88 ученици во основно училиште. Основни училишта во општина Липково се: ОУ „5 Октомври“; ОУ „7 Март“; ОУ „Антон Зако Чајупи“; ОУ „Дитурија“; ОУ „Фаик Коница“; ОУ „Исмет Јашари“; ОУ „Култура“ и ОУ „Рилинџаи“.

Средното образование во Општина Липково е организирано во издвоени паралелки од 2 училишта, и тоа средно општинско училиште „Исмет Јашари”- Липково и Средно стручно општинско училиште “Киро Бурназ”- Куманово.

Согласно податоците во учебната 2018/2019-та год. во општина Липково имало 469.00 ученици во средно училиште. Податоците за бројот на ученици е варијабилен и има тренд на опаѓање поради наглото иселување на цели семејства во европските држави, миграција град село, како и поради опаѓање на наталитетот, но и немањето елементарни услови во школите. Имено, повеќето училишта (вклучително и најголемото) немаат вода за пиење. Од 11 училишта, само четири (4) имаат нормално водоснабдување, а само три (3) имаат тоалети.

Во општина Липково постои општински фудбалски сојуз како организирана спортска асоцијација, која се грижи за организирање и спроведување на натпреварите во општинската фудбалска лига.

Фудбалски клубови во општина Липково се:

- ФК Беса, с.Слупчане
- ФК Матејче, с.Матејче
- ФК Влазрими, с.Оризаре
- ФК Ликова, с.Липково
- ФК Опаје, с.Опаје
- ФК Лојане, с.Лојане

Од историско-културните споменици најпознати се манастирот Света Богородица (Света Богородица) во општинскиот катастар на Матејче. Изграден на местото на некогашната света вода каде работеле двајца народни исцелители.

2.11. Урбанистичко планирање

Генерален урбанистички план има само за населено место Липково, додека за дел од населените места на територијата на општина Липково се изработени урбанистички планови за село:

- Урбанистички план за село Ваксинце, со површина од 131,20 ха
- Урбанистички план за село Слупчане со површина од 149,74 ха
- Урбанистички план за село Опае со површина од 66,76 ха
- Урбанистички план за село Отља со површина од 139,74 ха
- Урбанистички план за село Виштица со површина од 28, 76 ха
- Урбанистички план за село Ропалце со површина од 59,25 ха
- Урбанистички план за село Никуштак со површина од 102,00 ха
- Урбанистички план за село Матејче со површина од 134,10 ха
- Урбанистички план за село Лојане со површина од 133,77 ha

За другите население места постои општ акт за село или воопшто не постои никаква планска документација.

3. ИНФОРМИРАЊЕ И ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА

Учеството на јавноста е многу битен сегмент при изработка на документи од областа на заштитата на животната средина. Во сферата на заштита на животната средина, учеството на јавноста е регулирано и обезбедено преку националното законодавство и меѓународни конвенции:

- Конвенцијата за пристап до информации, учество на јавноста во процесот на донесување одлуки и пристап до правдата за прашања поврзани со животната средина (Архуска конвенција);
- Член 61, Постапка за донесување на планските документи, изготвувањето на прописи и учеството на јавноста во постапката, од Законот за животната средина и придружната подзаконска регулатива.

Став 2 предвидува дека учеството на јавноста во подготовката и донесувањето на Националниот акционен план за животната средина и на локалните акциони планови за животна средина се одвива на начин и под услови определени од страна на надлежниот орган.

Вклучување на јавноста во изработката на ЛЕАП е клучно не само поради законската обврска, но и поради тоа што јавноста е корисен и директен извор на информации за проблемите во животната средина на општината. Точната дијагноза на проблемите е прв чекор кон изнаоѓање на соодветни решенија за остварување на крајната цел, односно заштита и унапредување на животната средина. Преку анализа на мислењето на локалното население за состојбата со животната средина може пореално да се идентификуваат проблемите и утврдат потребите во насока на унапредување на животната средина на територијата на Општина Липково, како и потребата од спроведување на кампања за подигнување на јавната свест.

Транспарентниот пристап при изработка на документот е обезбеден преку учеството на јавноста со свое мислење за состојбата на животната средина во општина Липково и идентификација на проблемите во Акционен План.

Главниот метод за вклучување на јавноста беше спроведување на анкета за јавното мислење за квалитетот и проблемите од областа на животната средина во Општина Липково.

Консултантскиот тим на ЦЕЛОР - Центар за локален развој Радовиш во координација со Локалниот Комитет на општина Липково подготви Анкетен Прашалник и спроведе анкета во печатена форма (Прилог 1 – Прашалник и резултати од прашалникот)

Направена е статистичка обработка и прикажани се резултатите од добиените прашалници. Резултатите од спроведената анкета за оценка на јавното мислење за состојбата со животната средина во о. Липково и Анкетниот прашалник дадени се во прилог. Резултатите од анкетата беа разгледани со членовите на ЛК и беа искористени во процесот на приоретизација на проблемите во животната средина во Општина Липково.

DRAFT

4. ОЦЕНА НА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОПШТИНА ЛИПКОВО

Преку оценка на сегашната состојба и анализа на трендови на промена на состојбата на медиумите од животната средина: воздух, вода, почва како и со користењето на земјиштето и природните ресурси се дефинираат проблемите во животната средина во општината. Точна идентификација на проблемите во животната средина е првиот чекор кон подобрување на животната средина и постигнување на одржлив урбан развој. Проценатa на состојбата на животната средина во Општина Липково е направена според ДПСИР методологијата. Преку оваа методологија се анализира поврзаноста помеѓу притисоците кои движечките сили ги вршат врз животната средина и чекорите кои треба да се преземат за да се намали притисокот (загадувањето) врз животната средина.

ДПСИР моделот го разгледува следниот процес опфатен во пет елементи: човечките активности се движечки сили кои што предизвикуваат притисок врз животната средина и влијаат на квалитетот на состојбата на животната средина при што ја модифицираат. Во зависност од интензитетот и времетраењето на притисоците, состојбата на животната средина се менува со што имплицира (предизвикува) нови, вообичаено негативни, влијанија врз медиумите на животната средина, здравјето на луѓето, природата, поради што пак општеството одговара (реагира) преку нови политики во животната средина, мерки, секторски активности и преку менување на јавната свест и однесувањето, што се дефинира како реакција.



Слика 6. ДПСИР Методологија

Оваа методологија ја истакнува причинско - последичната врска помеѓу движечките сили и проблемите, и помага во процесот на донесување на одлуки преку заедничко разгледување на економските, социјалните и прашањата од областа на заштитата на животната средина.

Дефинирањето на проблеми од областите на животната средина претставува извлекување на заклучоци од оцената на состојбата на животната средина. Проблемите беа дефинирани во 5 одделни тематски области на животната средина за кои беа формирани и работни групи:

- Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени;
- Вода и водни ресурси;
- Почва, земјиште, природа и културно наследство;
- Управување со отпад и
- Бучава и нејонизирачко зрачење

Во оцената на состојбата животната средина се прибираат информации за состојбата на квалитетот на животната средина, се согледуваат притисоците врз областите на животната средина и нивните движечките сили, кои влијаат врз состојбата на животната средина. При овој процес се дефинираат конкретните проблеми во секоја област од животната средина и се предвидуваат одговори во форма на мерки кои треба да се спроведат преку конкретни акции (Акционен план) за отстранување на проблемите и подобрување на состојбата на сите области од животната средина.

4.1. Тематска област - Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени

4.1.1. Опис на загадувачки материи во амбиентниот воздух

Загадување на воздухот е контаминација на амбиентниот воздух со хемиски, физички или биолошки агенси кои ги променуваат природните карактеристики на атмосферскиот воздух. Најчести извори на загадување на воздухот се согорувачки направи од домаќинствата, моторни возила, шумски пожари, индустриски постројки и друго. Ова загадување придонесува за климатски промени, создавање на кисели дождови, смог, респираторни проблеми, отштета на земјоделски поседи и друго.

Извори на загадување на амбиентниот воздух во согласност со законот за Квалитет на амбиентен воздух кои се релевантни за општината може да се поделат на:

1) Стационарни извори: инсталации во кои се одвиваат технолошки процеси, согорување на отпад, производство на енергија;

2) Мобилни извори: мотори со внатрешно согорување вградени во возила

3) Природни појави: вулкански ерупции, сеизмички активности, геотермички активности, пожари на отворено, појави на високи ветришта или атмосферска прашина

4) Фугитивни извори: ова се емисии на загадувачки супстанции во воздух, кои не се ослободуваат во околината преку испуст, туку, преку прозор, врата, вентилациони отвори, недефинирани испусти или други отвори.

Загадувањето на воздухот доаѓа како резултат на емисии на загадувачки материи од стационарните и мобилни извори. За да се следи состојбата на квалитетот на воздухот потребно е да се врши мониторинг на загадувачките супстанци и истите да се идентификуваат квалитативно и квантитативно. Во Република Северна Македонија мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух го врши Министерството за животна средина и просторно планирање, кое управува со Државниот автоматски систем за квалитет на воздух. Во Општина Липково не постои станица за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух.

Извори на загадувањето на воздухот во Општината се јаловиштето на рудникот Лојане, но и домаќинствата за време на грејната сезона (населението се грее и готви на огревно дрво).

На подрачјето на општина Липково концентрациите на оксиди на арсен, антимон и хром се во поголеми концентрации од максимално дозволената изложеност во воздухот (10 μg/m3) поради близината на напуштениот рудник во Лојане. Зголемените концентрации на штетните материи го нарушуваат здравјето на локалното население.

4.1.2. Стационарни извори на загадување во Општина Липово

Стационарен извор е инсталација, технолошки процес, технолошка единица индустриски погон, уред, определена активност, кои во одредена неменлива положба, преку одредени испусти или отвори испуштаат загадувачки супстанции во воздухот.

Општина Липково нема индустриски капацитети. Согласно податоците од Заводот за статистика за активни деловни субјекти за 2021 година на територијата на општина Липково, најголем број отпаѓа на стопански капацитети од типот на лесна и незагадувачка индустрија, како што се: Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли, Градежништво, Транспорт и складирање, Објекти за сместување и сервисни дејности со храна и Преработувачка индустрија.

4.1.3. Мобилни извори за загадување во Општина Липково

Сообраќајот е извор на емисии во амбиентниот воздух кој има голем удел во загадувањето на животната средина, а особено деградирачко дејство има во урбаните средини. Главните емитери се патничките возила односно моторите со внатрешно согорување кои преставуваат потенцијална опасност за животната средина и здравјето на луѓето. Познато е дека при согорување на 1 литар бензин се генерираат околу 10 m^2 штетни гасови кои негативно влијаат врз човечкиот организам. Проблемите од аерозагадувањето се поизразени во урбаните средини зашто со намалувањето на брзината на моторните возила низ градските улици се троши повеќе моторно гориво, а тоа повлекува ослободување на поголемата количина на загадувачки супстанци. Примарни загадувачки супстанци од издувните гасови на моторните возила се: јаглерод моноксид, азотни оксиди, сулфур диоксид, несогорени јаглеводороди и цврсти честички. Овие примарни загадувачки супстанци во атмосферата се подложени на фотохемиски реакции, при што се создаваат секундарни загадувачки супстанци.

Во Општина Липково од вкупниот број превозни средства, околу 86% се патнички автомобили, а останатиот дел 14 % се товарни автомобили. Најголем број од патничките автомобили и мотоцикли користат бензин како гориво, а најголем број од товарните возила, автобуси и влечни возила користат нафта. Многу е мал бројот на сообраќајни средства кои користат електрична енергија како гориво.

4.1.4. Други извори на емисии

Отпадот може да претставува еден од загадувачите на воздухот при негово несоодветно складирање и обработување како резултат на појава на процеси како што се самозапалување или други хемиски реакции кои што испуштаат загадувачки супстанци во воздухот. Најголем дел од отпадот се депонира на легалните и „диви“депонии. Од депониите се емитираат загадувачки сусптанци, меѓу кои стаклениччките гасови (метанот), органски микрополутанти (диоксини и фурани), потоа испарливи тешки метали во воздухот и исцедок од депониите кој се емитира во почвата и подземните води, а кој може да содржи токсични супстанции. При депонирање на комуналниот отпад, се емитираат главно стаклени гасови во амбиентниот воздух. Суспендирани честички (PM) исто така се емитираат при депонирање на отпад, и мали количества на NMVOC (не метански испарливи честички - non-methane volatile organic compounds, како што се бензен, етанол,

формалдехид и друго), CO, NH_3 и NOx.

4.1.5. Состојба на квалитетот на воздухот во Општина Липково

Главна стопанска дејност во општина Липково е земјоделството, каде е ангажирано околу 95% од активното население, односно најголем дел деловни субјекти по сектори на дејност се: земјоделство и шумарство и преработувачка индустрија. Во општината генерално нема тешка и загадувачка индустрија која може да биде причина за загадувањето на воздухот.

Во општина Липково нема мерна станица како дел од државниот атоматски мониторинг за квалитет на амбиентен возух, па поради тоа не може реално да се утврди состојбата со квалитетот, односно загадувањето на воздухот.

Воздухот во Општина Липково, во главно е загаден како резултат на:

- Загадување поради зголемена концентрација на тешки метали во воздухот (арсен, антимон и хром),
- Загадување поради поголеми количества прашина од каменоломот и домашните ложишта во зимски период,

4.1.6. Идентификување на проблемите во тематската област

- Непостоење на мониторинг станица за следење на квалитетот на амбиентниот воздух на територијата на општината;
- Непостоење на планови и програми за намалување на загадувањето и подобрувањето на квалитетот на амбиентниот воздух;
- Неконтролирана употреба на горива после чие согорување со гасовите се емитираат штетни супстанции;
- Загадување од прашината која се ослободува од каменоломите и ложиштата во домаќинствата, стопанските капацитети и јавните институции;
- Загадување со емисии од тешки метали од јаловината во околината на напуштениот рудник Лојане;
- Неконтролирано палење на отпад и спалување на стрништа;
- Диви депонии кои се потенцијални загадувачи на воздухот, поради мирис и прашина за време на ветровити периоди
- Шумски пожари кои емитираат летечка пепел и други загадувачки материи
- Непостоење на програма за енергетска ефикасност;
- Не постоење на локален план за климатска акција;

4.2. Тематска област - Вода и водни ресурси

4.2.1. Квалитет на води

Површински водни тела

Подрачјето на општина Липково припаѓа на сливното подрачје на Липковска Река и Лојанска Река, која се влева во Табановска Река и заедно се влеваат во реката Пчиња. Површинските водни тела се под притисок поради директните испуштања, без претходен третман. Тука се идетификувани два типови на притисоци: отпадни води од домаќинствата и отпадните води од земјоделските и другите стопански активности. Сегашниот стаус на

водните тела во Општината укажува на фактот дека сите реки се во петта катергорија според хемискиот состав, односно во четврта според бактериолошкото загадување согласно утврдената категоризација на водотеците. Заради непостоење на изграден канализационен систем, односно заради комунална неопременост во речиси сите населени места, отпадните води од домаќинствата преку отворени канали директно се испуштаат во непосредната околина.

Подземни води

Преку индиректните (дифузни) извори на загадување од домашните септички јами и од земјоделието се загадуваат подземните води и индивидуалните бунари од кои локалното население се снабдува со вода за пиење. Подземните води од населените места Лојане и Ваксинце се загадуваат и преку продирање на концентрати на арсен, антимон и хром од рудничката јаловина, но и од продирање на растворените агрохемикалии растворени со дождовните води. Исто така загадувањето на подземните води може да биде предизвикано и од земјоделството, односно од вештачките ѓубрива (азот, фосфор, калиум) и пестицидите (фунгициди, инсектициди, акарициди, хербициди) кои се користат.

4.2.2. Водоснабдување

Еден од најсериозните проблеми на подрачјето на општината Липково е недостатокот од квалитетна вода за пиење и за наводнување на земјоделските површини. За овие потреби се изградени две акумулации во Липковска Река во Липково (капацитет од 27 милијарди m^3) и во село Глажња. Користењето на вода од акумулацијата Липково е ограничено на 25 л/сек што е доволно само за потребите на две населби, Липково и Оризаре. Поради долгиот век на експлоатација, чести се дефекти на објектите со што се отежнува искористувањето на системот за водоискористување. Затоа се наложува потреба од рехабилитирање, реконструирање и модернизирање. Акумулацијата Липково се снабдува со вода од Липковска Река. Во летниот период во голема мерка се намалува количеството вода, поради големото испарување и послабиот капацитет на изворите. Акумулацијата Глажња снабдува 13 населби надвор од општината Липково и еден дел од градот Куманово, а се користи за наводнување на 5.694 хектари обработлива површина. Селските населби во општината Липково немаат водоводни мрежи. Исклучок се Матејче каде постои застарена водоводна мрежа и Отља, кое има новоизградена водоводна мрежа. Во населените места каде има системи за водоснавдување, постои рестрикција за користење на водата. (пр: во Матејче, вода за пиење има на располагање само два часа во текот на денот). Заради претходно посочените проблеми, населението во основа се снабдува со вода преку индивидуални бунари и извори од ридско-планинките подрачја, што зборува дека населените места не се поврзани со јавни водоводни мрежи за водоснабдување, а парцијалните мрежи се со лош квалитет и со неквалитетна вода. Парцијални водоводни мрежи има само во 5 населени места во рамничарскиот дел (од вкупно 11). Посебно се проблематични водите во рамничарските населби, кои се со несоодветен квалитет заради присуство на арсенов, антимонов и хромов концентрат, како и присуство на други тешки метали. Ниту една од десетте планинки населби не е приклучена на систем за водоснабдување. Населението користи вода за пиење без санитарна контрола. Податоците на направените хемиски анализи покажале дека водата е бактериолошки неисправна. Посебно загрижува податокот дека од 10-те училишта во општина Липково, само четири имаат нормално водоснабдување. Повеќето училишта, вклучувајќи го и најголемото кое има околу 1000 ученици, нема вода за пиење. Постојат индиции дека нарушениот квалитет на водата за пиење влијае врз здравствената состојба на населението. Неколку години наназад се забележани епидемии предизвикани од лошиот квалитет на водата.

4.2.3. Одведување и третман на отпадни води

Колекторската и градската мрежа претежно е лоцирана во урбаните центри на општините. Во однос на покриеноста на населението со канализациона мрежа таа се движи од 70-80% во некои населени маета, а во некои рурални населени места околу 30% со септички јами. Дел од руралните населени места не располагаат со системи или со соодветни септички јами за отпадни води. Генерално, состојбата со системите за одведување на отпадните води е релативно лоша, бидејќи системите се карактеризираат со истекување на дел од отпадната вода во текот на транспортот, со што се зголемува ризикот од загадување на почвата и подземните води.

Голем проблем во Општина Липково се и отпадните води (канализициски систем не постои), кои се преполни со штетни бактерии и други отровни агенси и ги загадуваат подземните води, односно индивидуалните извори (бунарите) почвите, дворовите итн.

4.2.4. Мониторинг на водите

Мониторингот на состојбата на квантитетот и квалитетот на сите водни тела во Република Северна Македонија и на водите наменети за користење се врши согласно Законот за води. Целта на мониторингот е да се воспостави и да се одржува сеопфатна база на податоци потребни за управување и преглед на состојбата со водите во рамките на подрачјата на речните сливови. За мониторинг на површинските и подземните водни тела е воспоставена државна хидролошка мрежа за мониторинг. За општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, се воспоставени локални мрежи за мониторинг. Податоците за квалитетот на водотеците во Република Северна Македонија се добиваат од Управата за хидрометеоролошки работи. Во рамките на RIMSYS програмата се дефинирани 20 мерни места на реките и параметрите кои се следат. УХМР го следи квалитетот и квантитетот на површинските и подземни води. Градскиот завод за здравствена заштита е задолжена институција за следење на квалитетот на водите кои се користат како вода за пиење, без разлика дали се од јавниот водоснабдителен систем или од друго потекло и спроведувач на планот за епидемиолошка заштита на населението на град Скопје и поблиската околина. Според Законот во контрола на здравствена исправност надлежна институција е РЗЗЗ.

УХМР не врши мониторинг на Липковска река и останатите реки на територијата на општина Липково и според тоа не постојат податоци за квалитетот на водите.

Сегашниот стаус на водните тела во Општината укажува на фактот дека сите реки се во пета катергорија според хемискиот состав, односно во четврта според бактериолошкото загадување согласно утврдената категоризација на водотеците (Извор: Институт за јавно здравје, Октомври 2011). Мерењата на реките во периодот Март-Септември укажува на сериозно нарушување на квалитетот на водотеците.

Комуналните отпадни води се предмет на мониторинг на јавните комунални претпријатија според Законот за води и Законот за животна средина, но во општина Липково не постои организирано одведување на отпадните води и ЈКП „Пиша“ не врши мониторинг на отпадните води. Нема континуирани податоци за влијанијата на испуштениот течен отпад од индустриските објекти како и влијанието на септичките јами кои се користат за испуштање на отпадни води од домаќинствата кои не се приклучени на канализациониот систем.

4.2.5. Заштита од порои и поплави

Природните услови и покривањето на особено ниски шумски видови кои се значително деградирани, како и чести краткотрајни врнежи и неизбалансиран воден режим, резултира со појава на чести поплави.

Од анализата на картата на ерозија на Општината Липково можат да се извадат повеќе

заклучоци. Скоро половина од територијата на општината се наоѓа во IV категорија на ерозија (46,8%). Ова пред се' се должи на големиот процент на зашумени површини надвор од населените места. Заедно со V категорија (11%), вкупната површина на овие две категории е 57,8 %. Значи повеќе од половина на територијата не е загрозена од ерозија. Меѓутоа ова е само навидум така. Другиот дел од површината, II и III категорија, се наоѓа каде што човековата активност е поинтензивна (околу селата). Во иднина треба многу да се внимава на вегатационата покривка што ја штити почвата од испирање. Тука генерално се мисли на користење на GAP (ДЗП-добри земјоделски практитки, пример. да не се ора на стрмен терен) и од друга страна да се чуваат шумите бидејќи тие се најдобра заштита против поројните надоаѓања и појава на свлечишта. Во моментот на картата на ерозија можат да се забележат неколку критични површини II категорија (над селата Гошинце и Думановце, како и селата Липково и Ропалце). Повеќето од селата имаат систем на канали за одведување на поројните надоаѓања (поплавни бранови), но сепак тука се работи за систем на канали изграден врз претпоставка на пократка веројатност на појава (20 г.) кои не би ги прибрале поголемите поројни надоаѓања и би предизвикале поголеми поплави со големи штети по инфраструктурата. Се препорачува пошумување на загрозените подрачја во иднина за да се ублажи состојбата.

4.2.6. Состојба со квалитетот на водите

На територијата на Општина Липково не постои организирано третирање на комуналните отпадни води. Сите населени места не се покриени со централен систем за водоснабдување. Поголемиот дел со вода за пиење се обезбедуваат преку селски водоводи кои користат бунари, каде квалитетот на вода не се контролира од јавни установи.

Заради непостоење на изграден канализационен систем, односно заради комунална неопременост во речиси сите населени места, отпадните води од домаќинствата (нема индустриски отпадни води) преку отворени канали директно се испуштаат во непосредната околина.

4.2.7. Идентификување на проблемите во тематската група "Вода и водни ресурси"

Како клучни и приоритетни проблеми во делот за води на територијата на Општина Липково се издвоени следните:

- Непостоење на организиран систем за водоснабдување во општина Липково;
- Непостоење на систем за одведување на комунални отпадни води во сите населени места;
- Непостоење на систем за одведување на атмосферски води на целата територија на општина Липково;
- Непостоење на јавно комунално претпријатие кое ќе биде одговорно за снабдување со вода за пиење и одведување на отпадни води;
- Немање пречистителни станици за третман на отпадните води на територија на општината;
- Недоволно количество на вода за пиење во одредени зони и временски периоди;
- Неквалитетна вода за пиење во општина Липково;
- Непостоење на систем за контрола на квалитет на водите за пиење;
- Непостоење на филтри за прочистување на вода, особено кај системите кои носат вода од селските бунари

- Непостоење систем за зафаќање и користење на техничка вода за наводнување на јавни зелени површини;
- Испуштање на нетретирани индустриски и комунални отпадни води во реципиентите;
- Неодржување на отворените канали за одводнување или заштита од поплави кои се преполни со отпадоци, кои како такви негативно влијаат врз животната средина;
- Недостаток на систем за информирање на граѓаните за состојбите со квалитетот на водата за пиење и наводнување.

4.3. Тематска област - Почва, земјиште, природа и културно наследство

4.3.1. Квалитет на почви

Во Р.С. Македонија не постојат гранични вредности за концентрации на тешки метали и нутриенти во почвите, нити пак Закон за почвите, поради што најчесто се користат вредностите од ЕУ законите (според добрите земјоделски практики - ДЗП и Нитратната Директива):

- Концентрации на азот во почвите – помало од 170 кг/ха.
- Концентрации на фосфор во почвите – помало од 50 кг/ха.
- Концентрации на калиум во почвите- помало од 110 кг/ха.
- Арсен, антимон -75 ppm (mg/kg) или до 2 кг/ха годишно или 41 кг/ха кумулативно.
- Хром-1500 ppm или 150 кг/ха годишно или 3000 кг/ха кумулативно

Во Р.С. Македонија не се врши мониторинг на квалитетот на почвите

4.3.2. Состојба со квалитет на почва, земјиште, природа и културно наследство

Локална (или контаминација на самиот извор) врз почвата на територијата на Општина Липково генерално се јавува и е поврзана со активноста на стопанските објекти како што се активности за експлоатација на минерални суровини, градење објекти на квалитетно земјодеслко земјиште, употребата на пестициди и фунгициди од земјоделски задруги и индивидуални земјоделци, појава на диви депонии и сл.

Појавата на голини на подрачјето на општина Липково е резултат на неконтролираното сечење на шумите од страна на локалното население, што е сериозен проблем од еколошки аспект. Според податоците објавени во ЛЕАП-от за општина Липково, годишно се сечат околу 80.834 m^3 дрвна маса. Инаку вкупната површина под шуми е 13.380 хектари шуми со вкупна дрвна маса од 376.476 m^3. Масовното сечење на шумите ги намалува можностите за развој на сточарството, пчеларството, како и за задоволување на потребите на населението за дрво за греење и за евентуален развој на дрвната индустрија. Неконтролираниот илегален лов на дивечот е исто така проблем, поради големиот број на загрозени видови фауна во шумите. Ловот мора да се прави плански и вон сезона на парење или одгледување млади и да се воведат еко-патроли од волонтери, истражувачи или претставници од НВО, но и зголемен број на ренџери кои би вовеле ред. Прекршочни казни да се изрекуваат за секој неконтролиран улов на дивеч. Во двата случаи шумското претпријатие кое управува со шумите мора да има доволен капацитет, ресурси и да донесува плански одлуки и активности. Шумскиот фонд на општината Липково се наоѓа на територијата на шумско- стопанските единици од Куманово. Во овој регион се следните подружници: Вуксан, Копиљача, Црн Врв.

Како резултат на пожарите се намалува производната способност на оштетените насади и дрвја, штети предизвикани врз другиот животински свет, нарушување на структурата на

земјиштето, штети кои ќе се јават од секундарни причинители (штетни инсекти, растителни болести), како и штети заради загрозување и квалитетно нарушување на бројните општо корисни функции.

Скоро половина од територијата на општината се наоѓа во IV категорија на ерозија, што значи дена повеќе од половина на територијата не е загрозена од ерозија. Меѓутоа ова е само навидум така. Другиот дел од површината, се наоѓа каде што човековата активност е поинтензивна (околу селата). Нај критични површини се над селата Гошинце и Думановце, како и селата Липково и Ропалце, каде има најмногу дива сеча.

4.3.3. Загадување на почви, природа и биодиверзитет

Загадувањето на почвите во главно може да се јави како резултат на земјоделските активности, користење несоодветни практики во зејмоделието односно апликација на течен отпад како ѓубриво, Користење на пестициди и штетни материи, потоа излевање на отпадните води (бидејќи нема канализациона мрежа). Прекумерното и неконтролирано користење вештачки ѓубрива и пестициди (некои земјоделски култури бараат интензивно користење на пестициди) може да го наруши квалитетот на почвите. Земјоделскиот отпад (пакување од пестициди) најчесто се одлага на земјиштето или покрај реките, а додека пак преголема испаша може да доведе до ерозија на земјиштето. Загадување на почвите со тешки метали во близина на јаловиштето.

Липково	Земјоделска површина	Вкупна обработлива површина	Оранци и бавчи	Овоштарници	Лозја	Ливади	Пасишта
	7455	6912	6237	70	134	471	543

Состојбата со природата и биодиверзитетот се влошува поради дивата сеча на шумите, илегален и неконтролиран лов на дивеч.

Уништувањето на шумите негативно влијае врз сите сегменти од еко системот, предизвикува губење на живеалиштата на животните, инсектите, габите, растенијата, птиците, формирање на нови живеалишта, намалување на биоразновидноста, менување на микро климата. Дивиот и неконтролиран лов на дивечот е сериозен проблем во општината.

4.3.4. Искористување/намена на земјиште во Општина Липково

Општина Липково се протега на две металогенетски зони, Кратовско-Злетовската и Српско-Македонската, кои се богати со полиметалични руди од типот на бизмут, кадмиум, сребро, злато, ураниум, бакар, ентимон, арсен, хром и други. Од неметалните суровини може да се сретнат туфовите, опалски бречи, секундарни кварцити како и други силицити.

Наоѓалишта со глина која е погодна за туларската индустрија се експлоатираат во Општина Старо Нагоричане и Куманово. Исто така може да се најде и високо квалитетен травертин и мермер како и минералите базалт, антимонско-арсенските и вулкански туф кои не се доволно експлоатирани. Освен травертинот и мермерот, оваа територија изобилува и со бетонити (базалт, калиск и трахит) и кварцни песоци кои се користат за индустриски потреби. Бетонитите и кварцните песоци се посебно застапени во Старо Нагоричане.

Во најголем процент територијата на Општина Липково опфаќа рамничарски, а во својот јужен и југо-источен дел и ридско подрачје. Како резултат на карактеристичните релјефни одлики, најголем дел од територијата на општината е под урбанизирани и агрикултурни-обработливи површини.

Од територијата на Општина Липково на шумите отпаѓа 9.958 ха или 44.2% од вкупната површина. Вегетацијата на пасиштата и шумите имаат големо значење и потенцијални можности за развој на сточарство, пчеларство, а за потребите на населението за огрев и дрвна индустрија.

4.3.5. Идентификување на проблемите во тематската област

- ✓ Недостаток на информации за управување со природата;
- ✓ Недоволна промоција на природните богатства и археолошки наоѓалишта на територијата на Општина Липково;
- ✓ Недостаток на податоци за бројноста на животинскиот и растителниот свет;
- ✓ Узурпација на зелени површини;
- ✓ Несоодветно третирање на места контаминирани со опасен отпад (рудник Лојане);
- ✓ Загадување на почва со фекални отпадни води;
- ✓ Незаконска изградба на објекти и узурпација на државен имот;
- ✓ Недостаток на ефикасен систем за следење/мониторинг како и податоци за квалитетот на почвата и за степенот на деградација предизвикана од индиректна контаминација од воздухот, водата, сточарските фарми, употребата на пестициди, минерални ѓубрива и сл.;
- ✓ Појава на ерозија и лизгање на земјиштето во повеќе населени места;
- ✓ Појава на непродуктивно земјиште – напуштени места и парцели и немање на механизам за управување со истите;
- ✓ Користење несоодветни практики во зејмоделието;
- ✓ Загадување од тешки метали во јаловиштето;
- ✓ Не доволна информираност на населението и низок степен на јавна свест во областа на заштита на почвата;
- ✓ Непокриеност на руралните подрачја со фекална канализациона мрежа, односно загадување на почвата со фекални води;
- ✓ Дива сеча на шумите;
- ✓ Илегален лов на дивеч;

4.4. Тематска област - Управување со отпад

4.4.1. Комунален отпад и други видови неопасен отпад

Комуналниот отпад се создава од физички лица од домаќинствата (отпад од домаќинства) и комерцијалниот отпад. Отпадот од домаќинствата е отпадот кој секојдневно се собира од домаќинствата, како и посебно собраниот неопасен отпад од домаќинствата, кабаст отпад, градинарски отпад и слично. Во Североисточниот регион како и на ниво на Република Северна Македонија сеуште не се извршува позначајно рециклирање на комуналниот и индустрискиот отпад (освен на пакувањето) и негово повторно користење во индустријата како суровина што би претставувало основа за развој на циркуларна економија.

На месечно ниво, ЈКП “Пиша” во просек собира нешто повеќе од 110 тони на отпад или на годишно ниво 1.400 тони комунален цврст отпад. Просечното ниво на генерирање на отпад по жител согласно овие податоци изнесува 193 кг/жител, што претставува 68% од

просечното генерирање на отпад по жител во Република Македонија, кое согласно НПУО изнесува 283 кг/жител. Доколку се претпостави дека нивото на генерирање на отпад во руралните населби во општина Липково е приближно ист, количините на неподигнат комунален отпад, поради непокриеност на целото население во општина Липково изнесуваат: 19.797 жители x 193 кг/жит/год = 3.820.821 кг/год. Овие количини на создаден комунален отпад не се собираат организирано и затоа завршуваат на диви депонии кои се лоцирани во близина на населените места.

4.4.2. Транспортирање и конечно згрижување на комунален отпад

Доминантен процес при конечно управување со отпадот во Североисточниот регион е отстранување на отпадот во контролирани депонии, а потоа отстранувањето на отпадот во неконтролираните депонии. Процесите на компостирање, реупотреба, рециклирање на комуналниот отпад, како и согорување на отпадот со искористување на енергијата, скоро и да не се застапени во земјава.

За управувањето со отпад во општина Липково е задолжено ЈКП ,,Пиша". Собирањето на отпадот се врши делумно (кај околу 27.058 жители), со комуналната услуга за собирање, подигнување и транспортирање на комуналниот цврст отпад се опфатени 11 населени места од вкупно 22. Собраниот отпад ЈКП ,,Пиша" го депонира на две привремени депонии која се наоѓаат во близина на селата Никуштак и Лојане. Согласно националниот план за управување со отпад и според ризикот за загадување на животната средина, општинската депонија на локација „Бел Камен" е класифицирана како депонија со среден ризик.

Генерално може да се каже дека општата состојба во однос на управувањето со отпад во општина Липково, се оценува како несоодветна за достигнување на критериумите дадени во Европските директиви за отпад, пред се' во однос на непостоењето на интегрално управување со отпад во рамките на општината и непокриеноста на целото население со услугата за собирање и транспортирање на комуналниот цврст отпад.

Формирано е меѓуопштинското претпријатие за управување со отпад „Еко-Зона Куманово", основано од градоначалниците на 5 општини во регионот и во оперативната канцеларија на Одборот беа ангажирани тројца претставници од различни општини. Претпријатието е основано како јавно претпријатие и се очекува да ја преземе одговорноста за планирањето, склучувањето договори и мониторингот на управувањето со отпадот во целиот регион.

4.4.3. Диви депонии

Во општина Липково, како и во другите општини се создаваат диви депонии на комунален и инертен отпад, особено во руралниот дел кој не е доволно опфатен со услугата за подигање и депонирање на сметот. Некотролираното отстранување на отпадот и создавање на не-контролорани или диви депонии се мошне неповолни во однос на животната средина, здравјето на луѓето и животните, но и во однос на губење на природните ресурси. Дивите депонии повремени се чистат од страна на ЈКП "Пиша" но најчесто истите повторно се обновуваат.

Постоечките диви депонии сериозно го деградираат квалитетот на животната средина и го згрозуваат здравјето на луѓето што живеат во блиските населби.

DRAFT



Слика 7. Диви депонии на територијата на општина Липково

Проблемите во поглед на несоодветното одлагање на отпадот се очекува да се надминат по изградбата на регионалната депонија со што се очекува да се решат проблемите со несоодветното одлагање на отпадот на општинските и основните диви депонии кои треба итно да се затворат или технички да се надградат.

4.4.4. Постапување со други видови на отпад

Биоразградлив отпад

Земјоделскиот отпад настанува при изведување на земјоделски активности и ги претставува фракциите што може да се рециклираат (корисните делови од растителниот отпад, или пак малата количина на животински отпад). Најголемиот процент од комуналниот отпад припаѓа на биоразградлив отпад, каде припаѓа и земјоделскиот отпад. Информациите за биоразградливиот отпад (земјоделски отпад, зелени остатоци од парковите и зелените површини и од зелените пазари), отпадната биомаса од шумарството и од дрвната индустрија се мошне ограничени дури и на национално ниво.

Бидејќи земјоделието е значајна стопанска гранка во оваа општина, количините на биоразградлив отпад од овој извор се мошне значајни.

Во Општина Липково се генерираат околу 17.552,68 тони растителен отпад од земјоделски активности на годишно ниво. Покрај овој растителен отпад од земјоделието, исто така се генерира биоразградлив отпад и од сточарството. Голем дел од отпадот кој се

генерира во земјоделието се користи на разни начини, сепак релативно голем дел се депонира на несоодветни места, односно во диви депонии или ѓубришта или пак се врши негово палење. Отпадот од сточарството, воглавном завршува како ѓубриво на нивите, додека отпадот од угинати животни завршува на дивите депонии или на други несоодветни места.

Не постојат посебни системи за третман на овој вид отпад и истиот се подига заедно со комуналниот отпад и се депонира на депонија за комунален отпад или пак на неконтролираните диви депонии, што е спротивно на европските норми кои се транспонирани и во националното законодавство. Со Правилник е пропишано количеството или уделот на биоразградливи состојки во отпадот кои смеат да се депонираат на санитарна депонија заедно со комуналниот отпад, односно се предвидува количините да бидат намалени дури до 75%.

Со оглед на продукцијата на биоразградлив отпад потребни се заложби од страна на општината за изградба на централна комопстара или пак постројка за анаеробна дигестија и производство на биогас за потребите на Општина Липково.

Индустриски неопасен отпад

Индустрискиот неопасен отпад се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад. Овој отпад вообичаено се депонира на локални индустриски депонии, заедно со останатиот отпад од процесите или се депонира на комуналните депонии заедно со останатиот отпад. Подигањето на неопасниот отпад од стопанските субјекти се врши повремено, согласно претходно склучен договор меѓу стопанските субјекти и јавното комунално претпријатие.

Индустриски опасен отпад

Индустрискиот опасен отпад кој се создава во индустриските капацитети се чува на местата на генерирање, односно во кругот на фабриките (растурен или складиран на места означени за таа намена). Поради непостоење на депонија за опасен отпад во Македонија, привременото складирање на опасниот отпад во многу случаи е трајно складирање во несоодветни услови и потенцијална опасност за животната средина и здравјето на луѓето.

Посебно нагласен проблем за општина Липково е јаловината од 10.000 тони концентрати на арсен, антимон и хром, потоа 100.000 тони чист арсенов оксид, складирани во посебна депонија, во близиба на напуштениот рудник Лојане и околу 120.000 тони антимонова и арсенова руда сместени во близина на депонијата. Јаловиштето на површина од 18.500 m^2 и над 1.000.000 тони јаловина.

Отпад од производи и пакување

Согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување регулирано е постапувањето со отпадот од пакување што ги опфаќа обврските и одговорностите на економските оператори и другите субјекти кои учествуваат во процесот на производство, пуштање на пазар и ставање во употреба на пакувањето, правилата за собирање, повторна употреба, преработка и отстранување, како и други услови за постапување со отпадот од пакувањето, известувањето и економските инструменти за постигнување на националните цели за собирање и преработка на отпад од пакување. На национално ниво постои организиран систем за собирање и рециклирање на отпадот од производи и пакување. Во Република Северна Македонија постојат четири правни лица кои имаат дозвола за третман на отпад од пакување (колективни постапувачи), согласно Законот за управување со пакување и отпад од пакување: Пакомак; Еуро-Екопак; Екосајкл и Еко-пак

хит.

Инертен отпад/градежен шут

Инертен отпад е отпадот што е отпорен и не подлежи на никакви значителни физички, хемиски или биолошки трансформации, не се раствора, не согорува и не реагира на друг физички или хемиски начин, не се биоразградува, а отпадот и неговиот исцедок не влијаат на друга материја со којашто доаѓаат во допир, на начин на кој може да ја загрозат животната средина, животот и здравјето на луѓето при што вкупното количество и содржина на загадувачките супстанции во отпадот и екотоксичноста на процедокот мора да биде незначителен за да не го загрозува квалитетот на површинските и/или подземни води. Во отсуство на евиденција, податоците за инертен отпад се доста ограничени и не можат да се предвидат. Овој отпад се создава при изведување на градежни, занаетчиски работи и преработувачки дејности и најчесто се исфрла заедно со комуналниот отпад или се остава на локации блиску до местото на генерирање на јавни површини или на места во индивидуална сопственост. Овие локации на непрописно отстранет инертен отпад најчесто се потенцијални диви депонии.

Медицински отпад

Медицинскиот отпад се создава во медицинските и во здравствените институции (стационари, болници, поликлиники и амбуланти, забни ординации, ветеринарни друштва и слично), кој настанува како производ на употребени средства и материјали при дијагностицирањето, лекувањето, третманот и превенцијата на болестите кај луѓето и кај животните. Најголем дел од медицинскиот отпад отпаѓа на инфективниот отпад. Во депонијата Дрисла во Скопје постои инсенератор за болнички отпад и се проценува дека таму се спалува околу 35% од вкупното количество опасен болнички отпад. Медицинскиот отпад генериран во амбулантите посебно се собира и се подига од страна на ЈКП “Пиша” и се транспортира до инцинераторот во Дрисла. Лековите и другите фармацевтски препарати со поминат рок се враќаат на производителите или веледрогериите. Генерално, во Република Северна Македонија, медицинскиот отпад кој е предаден на други лица според доставените извештаи е соодветно третиран и неутрализиран и не претставува директна опасност по животната средина и луѓето.

Посебни видови на опасен отпад

Опасниот отпад по својот состав или концентрации на опасни супстанции може да предизвика опасност по животната средина, животот и здравјето на луѓето како последица на опасните својства, како што се: експлозивност, реактивност (оксиданси), запаливост, надразливост, токсичност, инфективност, канцерогеност, мутагеност, токсичност за репродукција, екотоксичност и својства на испуштање отровни гасови при контакт со вода, воздух или киселина. Управувањето со опасен отпад не е во надлежност на општината, но за издавањето на Б интегрирани еколошки дозволи е надлежна општината. Со оглед на ова локалните инспектори треба да ги познаваат индустриските процеси во индустриските и стопанските капацитети кои можат да бидат извор на создавање на опасен отпад, карактеристиките на опасниот отпад и методите за негово згрижување, со цел да ги задолжат инсталациите соодветно да постапуваат со него. Во отсуство на национален систем за постапување со опасен отпад, доминантен начин е сопствено отстранување од страна на деловните субјекти што во најголем број случаи е несоодветно и има негативни последици по животната средина и здравјето на луѓето. Времено складираниот опасен отпад претставува оној опасен отпад кој чека на отстранување или третман. Третманот може да се изведе во земјата на негово создавање доколку има таква постројка или да се извезе во друга земја. Во одредени случаи меѓународниот транспорт на опасен отпад е неопходен и оправдан во смисла на соодветно отстранување и третман на отпадот без последици по животната средина и здравјето на луѓето, како што е неговото користење

како секундарни суровини или за продукција на енергија.

На ниво на општината не постојат податоци за посебни видови на опасен отпад кои можат да дадат преглед на состојбата со истите.

Отпадни масла се минерални, синтетички или индустриски масла, во течна или во полутечна состојба, кои станале непогодни за употребата за којашто првично биле наменети, а особено употребените масла за моторите со внатрешно согорување, маслата за менувачките кутии, како и маслата за турбини и хидрауличните масла вклучувајќи ги и масните остатоци од резервоарите, мешавини од вода и на масла и емулзии. Со цел спречување на употребата на отпадните масла како гориво и исфрлање на отпадните масла директно во почвата или во канализационите системи, потребно е субјектите кои создаваат отпадни масла, да ги складираат соодветно и да ги предадат на некој од овластените субјекти.

За отпад од полихлорирани бифенили (ПХБ), полихлорирани терфенили (ПХТ), монометил-тетра-хлородифенил метан, монометил-дихлоро-дифенил метан, монометил-дибромо-дифенил метан, како и секоја смеса којашто содржи некоја од гореспоменатите супстанции, во вкупно количество од над 0,005 масени проценти, не постојат сознанија за производство, увоз и промет на ПХБ на ниво на општината. Доколу на територијата на општината постојат индустриски капацитети со сомнежи за опрема која е деконтаминирана со ПХБ или масла за кои постои сомнеж дека се контаминирани, потребно е да се побара помош за анализа, идентификација и соодветно означување според Правилникот за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и објектите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ.

Отпад од потрошени батерии и акумулатори најчесто се одлагаат како составни делови на цврстиот отпад, во депониите, без претходно да им бидат отстранети компонентите коишто претставуваат опасен отпад.

Отпадната електрична и електронски опрема, исто така најчесто се одлага во рамки на цврстиот цврстиот отпад, во депониите, без претходно да им бидат отстранети компонентите коишто претставуваат опасен отпад. Со цел спречување на одлагање и мешање на овој вид на отпад со комуналниот, потребно е субјектите кои поседуваат таков вид на отпад, потребно е да го складираат соодветно и да ги предадат на некој од овластените субјекти.

Искористени возила (отпадните автомобилски школки) не се опфатени со организирано собирање. Вообичаено, нив ги собира неформалниот сектор од диви депонии или од технички несоодветни складишта. Тие се преработуваат за искористување на резервните делови или се третираат како старо железо.

Отпадните гуми од моторни возила (автобуси, камиони, приколки, мотоцикли и друго), земјоделски машини, градежни машини и слично чијашто употребна функција завршила, главно се депонираат, а дел од гумите нелегално се палат. На територијата на Р.Македонија постојат правни субјекти кои се регистрирани и имаат дозвола за превземање, транспорт и складирање, како и физички третман на искористени гуми.

4.4.5. Идентификација на проблемите во тематската област

- ✓ Несоодветно и некомплетно собирање на отпад од сите населени места од страна на ЈКП „Пиша“

- ✓ Појава на диви депонии во руралните области,
- ✓ Неадекватно одлагање на отпад кој може индиректно да ги загади почвите и подземните води.
- ✓ Непостоење на План и Програма за управување со отпад на територија на Општина Липково,
- ✓ Несоодветно депонирање на индустриски опасен отпад во близина на местата на создавање и негово напуштање (рудникот Лојане),
- ✓ Големи количини на земјоделски (биоразградлив) отпад кој се депонира заедно со комуналниот отпад
- ✓ Непостоење на функционален систем за селектирање на комуналниот отпад,
- ✓ Недоволни количини на контејнери и канти за одлагање на отпад,
- ✓ Непостоење на систем за рециклирање и повторна употреба на корисните состојки од отпадот
- ✓ Постоење на две нестандардни депонии;
- ✓ Депонија со индустриски опасен отпад од рудникот Лојане
- ✓ Несоодветно депонирање на опасен и неопасен отпад;
- ✓ Несоодветно депонирање на земјоделски (биоразградлив) отпад;
- ✓ Непостоење на систем за сепарирање на комуналниот отпад.

4.5. Тематска област - Бучава и нејонизирачко зрачење

4.5.1. Состојба со амбиенталната бучава во општина Липково

Состојбата со бучавата во Липково досега не е следена и анализирана иако постојат извори на бучава. Главни извори на бучава се: возилата на локалното население, машините од малите стопански капацитети, услужните објекти, како и активностите на луѓето поврзани со домувањето.

Главни причинители на бучава емитирана во животната средина во животната средина се превозните средства во патниот сообраќај, стопански и услужни објекти. Идентификуваните извори на бучава емитирана во животната средина генерално потекнуваат од бучава емитирана во животната средина од соседството, бучава емитирана во животната средина од сообраќај и бучава емитирана во животната средина од стопанските капацитети.

Бучавата во животната средина е регулирана врз основа на Законот за заштита од бучава кој е во согласност со Директивата за бучава (2002/49/ЕС). Според законската регулатива за бучава воспоставени се гранични вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина за различни подрачја.

Со Законот за заштита од бучава емитирана во животната средината, покрај другите, уредени се и правата и обврските на општините во однос на управувањето и заштита од бучава. МЖСПП е надлежно за изработка, донесување, користење и чување на Стратешки карти за бучава емитирана во животната средина за главни патишта, главни железнички пруги и главни аеродроми.

Најголем дел, речиси 55% од просечната доза на зрачење што човекот ја прима во текот на една година, отпаѓа на јонизирачкото зрачење. Радонот како гас со потекло од

природата е главен контрибутор на дозата на изложеност на населението на радиоактивно зрачење од природата, преку негова акумулација во различен обем во домови, работни места и објекти за престој. Иако општината нема надлежност и обврска за негово мерење, поради потенцијалните опасности започнато е мерење на радон на сензитивни локации како медицински и стопански објекти. Нејонизирачкото зрачење пак нема способност да предизвикува јонизација на материјата и на биолошките структури. Институтот за јавно здравје се надлежни за негов мониторинг, а надлежноста на Град Скопје и општините е да предлагаат мерки за заштита. Согласно Законот за електронски комуникации, Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) е задолжена за контрола и мерење на нејонизирачкото зрачење предизвикано со употреба на јавните електронски комуникациски мрежи преку практична процена на изложеноста на нејонизирачко зрачење. Како гранични вредности на електромагнетоното поле се земени препораките од Меѓународната комисија за заштита од нејонизирачки зрачења – ICNIRP (International Commissionon Non–ionizing Radiation Protection) чии препораки се имплементирани и во европското законодавство дадени во CEPT препораката ECCREC(02)04 – Measuring non ionizing electromagnetic radiation (9kHz – 300GHz).

4.5.2. Влијание врз животната средина и здравјето на луѓето

Бучавата емитирана во животната средина зазема значајно место во низата на негативни последици врз животната средина и здравјето на луѓето. Првенствено влијае на квалитетот на животот, попречување на природниот ритам на работа и одмор. Предизвикува, како физички, така и психички проблеми кај населението, со тоа што ги нарушува основните активности на човекот како што се спиење, одмор, учење, комуникација, а особено влијае на оштетување на слухот.

Согласно извештајот на Светската здравствена организација, негативни здравствени ефекти кај луѓето се појавуваат кога се изложени на нивоа на бучава емитирана во животната средина во текот на ноќта над 40dB.

4.5.3. Идентификување на проблемите во тематската област

- ✓ Честа појава на надминување на дозволените прагови на бучава од страна на угостителските објекти;
- ✓ Зголемена фрекфенција на возила во сообраќајот;
- ✓ Големи манифестации на отворен простор;
- ✓ Зголемен број на градилишта;
- ✓ Реконструкции на патна и сообраќајна инфраструктура;
- ✓ Континуирано зголемување на бројот на жителите;
- ✓ Непосредната близина на објектите за домување до деловно-стопански и индустриски капацитети, сообраќајници, спортски игралишта и урбани простори за рекреација итн.;

DRAFT

4.6. Природни катастрофи

Со оглед на се поголемото влијание на климатските промени и природните непогоди и катастрофи, препорачливо е општините да изработат планови за заштита и за спасување од природни непогоди, во прв ред од поплави, пожари и од земјотреси.

4.6.1. Поплави

Појавата на големи води во овој регион е последица на дождовите кои се јавуваат (во месеците Март и Април) како и од топењето на снеговите од околните планини. Подрачјето на Општина Липково може да биде поплавено од повеќе извори: од реките на територијата на општината (Липковска, Слупчанска река), атмосферските води (канализациски поплави), породните водотеци, покаченото ниво на подземните води и како резултат на прелевање на браните/акумулациите Липковска и Глажња.

На овие појави единствено може да се влијае со одредени мерки и активности кои ќе ги подобрат условите за прифаќање и одвод на паднатите количини преку постојната речна и каналска мрежа со што може да се спречат или ублажат штети на објектите и земјоделското земјиште. Територијата на општина Липково не е покриена со каналска (фекална и атмосферска) мрежа.

Сите уредени корита се димензионирани да прифатат одредена појава на поплавен бран со различен интервал на повторување од 20 до 50 години, но овој капацитет се однесува за услови на чисто речно корито.

Општата состојба на коритата (неуредените) на природните и уредените водотеци на територијата на општина Липково, не е на задоволително ниво кое може да обезбеди висок степен на заштита од поплави.

Несоодветната експлоатација и управување со шумите и земјоделското земјиште, како и неконтролираната урбанизација, го интензивираат влијанието на природните опасности како што се породни поплави. Во последните години, породни поплави се јавуваат почесто во земјава и стануваат се повеќе деструктивни.

Различни фактори кои придонесуваат кон оваа појава се идентификувани: трансформација на регионите од рурални области во урбани, намалување на шумската вегетација, неодржливи земјоделски практики, и.т.н.

Друг важен фактор е драстично намалената потрошувачка во секторот за вода во текот на последните децении, што ќе придонесе за влошување на водната инфраструктура на земјата. Стареењето на инфраструктурата и несоодветните инвестиции во одржувањето на јавната инфраструктура прави многу објекти за контрола на поплави да бидат изложени на ризик од губење на нивната функционалност.

Превентивни мерки

Превентивните мерки ги вклучуваат сите мерки и дејствија кои треба да се превземат за да се спречи појавата на поплави и ублажување на последиците од нивните дејства, како на пр. пошумување, чистење на вегетацијата, затревување, подигање на вештачки ливади, мелиорација, чистење на речни корита и слични работи.

Мерки за ублажување и отстранување на последиците предизвикани од поплави

Најпрво треба да се направи проценка на општата состојба на водотеците, врз основа на што треба да се направи план за мерките кои треба да се преземат за уредување на

водотеците.Овие мерки може да опфаќаат: регулација на нерегулираните делници; чистење на коритото од вегетација и од наноси; санација на оштетените објекти (каскади, прагови, одбранбени насипи); периодично чистење на вегетацијата; спречување на фрлање на отпад во речното корито; изградба на пречистителна станица за отпадни води и др.

Мерки кои што може да се превземат за намалување на опасноста од поплави се:

- градење на заштитни ѕидови по течението на реките кои се потенцијални предизвикувачи на поплави;
- пошумувањето на голите падини на ќе имаат голем придонес кон заштитата на населбите од потенцијалните ерозивни процеси и поројни текови.
- одржување на дренажениот систем, кој се состои главно од отворени канали, првенствено наменети за евакуација на високите подземни води и површинските води од обработливото земјиште.
- одводниот систем исто така се користи за заштита од поплави на руралните населби.

4.6.2. Ерозија

Согласно Член 135, Законот за води, врз основа на техничка документација, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина, советот на општините, Градот Скопје и претпријатијата за управување со водите за нивната област ги определуваат границите на ерозивни области и на загрозената област од ерозија и ги специфицираат мерките и активностите кои се однесуваат на заштитата на земјиштето од ерозија и регулирање на пороите.

Оштетувања што се појавуваат поради процесите на ерозија се:

- Поројни поплави со големо количество на ерозивен нанос (талог) кој настанува како последица од интензивните врнежи и интензивни ерозивни процеси во сливот и нанесува огромни штети на населбите, инфраструктурата, хидромелиоративните и хидроенергетските објекти и системи, индустриските објекти, земјоделството, итн.

Причини поради кои се јавуваат ерозивните процеси:

- Засипување со ерозивен нанос на населени подрачја, акумулации, обработливо земјиште, сообраќајна инфраструктура, коритата на водотеци во долните течанија, итн;
- Намалена проточност на коритата на сите порои и канали поради обраснатост со вегетација и затрупаност со отпад;
- Неодржливи земјоделски активности како резултат на недоволно знаење на земјоделците за насоката на орање, тип на наводнување, плодоред и/или недостаток на финансии за примена на активности за контрола на ерозијата;
- Неодржливи активности во шумарството повради недостаток на заштитни шуми во земјата, бесправна сеча на шума и сл.
- Градби во коритата на водотеци (разни објекти во канал или врз канал)

Мерки за ублажување на ерозивните процеси во земјоделството се:

- Забрана за заорување на стрми терени и орање по нагиб
- Забрана за пасење на деградирани пасишта
- Обврска за претворање на деградирани обработливи површини во ливади или шуми
- Обврска за мелиорацијата на деградирани пасишта
- Обврска за конверзија на едногодишни во повеќегодишни култури

Мерки за ублажување на ерозивните процеси во шумарството се:

- Забрана за сеча на шуми
- Забрана за пасење во шума
- Обврската за пошумување на голини
- Обврска за прогласување заштитни шуми и преземање соодветни одгледувачки мерки
- Обврска за одржливо стопанисување со шумите од аспект на ерозијата

Мерки за ублажување на ерозивните процеси во Урбанизам, Градежништво, Рударство:

- Забрана за урбанизација
- Обврска за имплементација на т.н. урбана зелена инфратсруктура
- Обврска за подигање урбани зелени површини согласно принципите за противерозивна техника
- Забрани за активности кои влијаат на текот во поројно корито (фрлање разни катеријали)
- Обврска за отстранување на градби кои влијаат на текот во поројно корито

ГЕНЕРАЛНИ ТЕХНИЧКИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕРОЗИЈА И ПОРОИ

- Обука на земјоделците за примена на добри земјоделски практики поврзани со контрола на ерозијата и нивна имплементација
- Разграничување на заштитните шуми според актуелните и потенцијалните подрачја ризични од ерозија и нивно прогласување
- Примена на одржливи шумски активности (одгледување и заштита) во заштитни шуми во регионот
- Затревување на голини, еродирани пасишта и еродирани ливади
- Изработка на проектна документација за изградба на мали противерозивни и противпоројни објекти од природни материјали (плетери, фашини, дрво/камен, рустикалии и сл)

DRAFT

4.6.3. Пожари

Заштитата од пожари на објектите во урбаните средини се планира уште при изготвување на генералните урбанистички планови преку спроведување на следните мерки: планирање на објектите во урбаните и индустриските зони; разместување на објектите и комплексите во однос на топографско-морфолошките услови на теренот и ружата на ветрови; избор на големината на противпожарните препреки помеѓу објектите и комплексите; проектирање на надземни и подземни комуникации.

Планирањето на објектите во населените места претставува основен принцип за заштита од пожари во урбаните целини. Планирањето и групирањето на објектите во одредени пожарни зони се прави според: ризикот од појава на пожар; категоризација на опасноста; заедничките карактеристики и според намената на објектот.

Безбедното растојание помеѓу објектите има голема улога во заштитата од пожари, како за спречување на опасноста од ширење на пожар од еден на друг објект, така и за непречена комуникација помеѓу објектите (посебно за потребата од простор за движење и интервенција на противпожарните возила, возилата на прва помош, полицијата и др). Во руралните населби несовесни земјоделци предизвикуваат пожари од поголеми размери со палење на стрништа и плевели со што и го загадуваат воздухот.

Мерки кои се предвидуваат за заштита од пожари:

- Изготвување на програма за заштита од пожари
- Формирање на доброволно противпожарно друштво на територијата на општина Липково
- Изработка на мапа со зони за проценка на ризици од пожари
- Редовно одржување на шумските пристапни патишта

DRAFT

6. УТВРДУВАЊЕ НА МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Дефинирањето на проблемите претставува извлекување на заклучоци од оцената на состојбата на животната средина. Проблемите беа дефинирани во 5 одделни тематски области на животната средина: 1) воздух, климатски промени и енергетска ефикасност, 2) вода и водни ресурси, 3) отпад и управување со отпад, 4) почва, земјиште, природа и културно наследство и 5) бучава и нејонизирачко зрачење.

Во дефинирањето, односно утврдувањето на конкретни проблеми во животната средина, учествуваа работните групи со техничка поддршка од консултантскиот тим при што се изработи синтетски извештај од конкретни и реални проблеми од сите тематски области во Општина Липково.

Покрај утврдувањето на проблемите од животната средина од страна на работните групи, беа земени во предвид и резултатите од спроведената анкета за јавното мислење.

Конечната (дефинитивна) листа на проблемите од тематските области е основа за постапката на приоретизација на проблемите во општината. Приоретизацијата е важен чекор поради ограничените финансиски ресурси на општината и помага кон поефикасно решавање на проблеми. По утврдување на конечната листа со проблеми, беше спроведена приоретизација на листата со проблеми преку бодување на проблемите според 10 критериуми:

1. Влијание врз човековото здравје;
2. Влијание врз животната средина;
3. Влијание врз квалитетот на живот;
4. Распространетост;
5. Интензитет;
6. Неповратност:
7. Јавното мислење од спроведените анкети;
8. Ниво на контрола кое општината го има врз решавање на проблемот;
9. Плански, законски или други регулаторни барања;
10. Мислење на членовите на Локалниот комитет

DRAFT

6.1. Тематска област - Воздух, енергетска ефикасност и климатски промени

Воздух, климатски промени и енергетска ефикасност	
Јаки страни	**Слаби страни**
Изобилство со шуми Доволни количини на води Непостоење на загадувачка индустрија	Непостоење на програма за енергетска ефикасност Непостоење на програма за заштита на воздухот Непостоење на сончеви колектори и фотоволтаици Неконтролирано палење на отпад Непостоење на мониторинг станица
Можности	**Ризици**
Организирано фрлање, одлагање на отпад Искористување на потенцијал за обновливи извори	Влошување на здравјето на населението како резултат на загадениот воздух Неконтролирана сеча на дрва Загадување на возухот од рудникот Лојане

- ✓ Воспоставување на систем за управување со аерозагадувањето (следење на емисијата со загадувачки супстанции во воздухот), заради превземање на техничко-технолошки и управно-административни мерки од краткорочен, среднорочен и долгорочен карактер;
- ✓ Воспоставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на ниво на општината
- ✓ Подигање на јавната свест за заштита на воздухот од загадување
- ✓ Изработка на Програма за енергетска ефикасност и стимулација на населението за користење на обновливи извори на енергија;
- ✓ Изработка на локален инвентар на стаклени гасови и план за климатска акција;
- ✓ Изготвување на локален регистар на загадувачи на воздухот;
- ✓ Едукација на локалното население за опасноста од загревање на домови со несоодветни суровини;

6.2. Тематска област - Вода и водни ресурси

Вода и водни ресурси	
Јаки страни	**Слаби страни**
Доволни количини на вода – природни ресурси Селски резервоари со питка вода Вештачките езера – Липковско Езеро и	Немање контрола и вршење анализи на квалитетот на водата за пиење Не е познат квлитетот на вода од селските бунари

Глажња – акумулации кои се користат за водоснбдување и наводнување Изработена е техничка документација за брана на Слупчанска река	Непостоење на филтри за прочистување на водата Непостење на филтер станица Немање на ЈП за водоснабдување Нема организиран систем на водоснабдување Во летните месеци нема континуирано водоснабдување во рок од 24 часа
Можности	**Ризици**
Формирање на ново ЈП за водоснабдување Техничка документација за систем за водоснабдување за Слупчане, Оризаре, Рнковце Техничка документација за филтер станица Студија за ПСОВ за општина Липково	Дива сеча на дрва која може да доведе до пореметување на водниот режим Загадување со отпад од страна на луѓето Ниска свест за рационално користење на водата Непостоење третман на отпадни води (нема ПСОВ) Влошување на здравјето на луѓето Недостаток на вода за пиење и по повеќе од 24 часа Зачестена појава на поплави поради поројните дождови и неисчистените канали за одводнување

Со цел подобрување на состојбата со водоснабдувањето и канализацијата неопходно е: зголемување на инвестициите неопходни за проширување на канализационите мрежи во руралните средини, дооформување на колекторските системи и изградба на нови канализациони мрежи во поголемите рурални средини, изградба на мрежи за одведување на атмосферските води, но и изградба на станици за пречистување на отпадните комунални води.

Водата како еден од најважните медиуми во животната средина и како ограничен и основен ресурс неопходен за одржување на животот е од суштинско значење. За таа цел се наметнува потреба од превземање на соодветни приоритетни мерки за заштита и рационална употреба на истата, наведени подолу:

- ✓ Доизградба на системот за водоснабдување во сите населени места на територијата на општина Липково;
- ✓ Изградба на системот за одведување на комунални отпадни води во сите населени места на територијата на општина Липково;
- ✓ Изградба на систем за одведување на атмосферски води;
- ✓ Изградба на пречистителна станица или неколку мали пречистителни станици за третман на отпадни води на територијата на Општина Липково;
- ✓ Изготвување на планови и програми за водоснабдување, одведување и заштита на водотеци;
- ✓ Редовно одржување на отворените канали за одводнување или заштита од поплави кои се преполни со отпадоци, кои како такви негативно влијаат врз животната средина;
- ✓ Редовна контрола и континуиран мониторинг на селските бунари на територијата на Општина Липково;

- ✓ Изготвување на техничка документација за задоволување на потребите на населението од вода за пиење на среден и долг рок на ниво на изведбени т.е. идејни проекти;
- ✓ Изготвување на студии за алтернативи за решавање на потребите на населението од целосно одведување на искористените води и рационално користење на водните потенцијали;
- ✓ Изработка на краткорочни планови за одржување на одводните канали и корита на водотеци;
- ✓ Изработка на стратегија за подигнување на свеста на населението од важноста на рационално и одржливо користење на водниот потенцијал;
- ✓ Јакнење на свеста на населението од потребата за трајна заштита на подземните води;
- ✓ Воспоставување на систем за континуиран мониторинг на состојбите поврзани со квалитетот на питки, површински и отпадни води;
- ✓ Јакнење на инспекцискиот надзор во делот на овластувањата на општинско ниво;
- ✓ Обезбедување на достапност до сите информации поврзани со води и учество на јавноста во донесување на одлуки.

6.3. Тематска област - Почва, земјиште, природа и културно наследство

Почва, земјиште, природа и културно наследство	
Јаки страни	**Слаби страни**
Плодно земјиште – Липковско поле Изобилство со шуми и зеленило Изобилство со воден потенцијал Функционален ситем за наводнување на земјоделското земјиште Немање индустриски капацитети и фабрики	Липковско поле иако е плодно не се обработува доволно Фрлање отпад на различни јавни места и плодни земјишта Ниска свест за фрлање на отпад Неконтролирано сечење на дрва Лош квалитет на вода
Можности	**Закани**
Контрола од страна на инспекциски служби Изградба на паркови и други јавни зелени површини Развој на туризам Еколошки превоз Еколошка свест на граѓаните Рециклирање и селектирање на отпад	Пожари, загадување на воздух Епидемиолошки болести Ерозија и свлекување на земјиштето (кај браната и на др. места) Безбедност на жителите Слупчанска река при големи врнежи се излева

- ✓ Комплетирање на планската документација за сите населени места на територијата на општината и вметнување на незаконски изградените објекти во планската документација;
- ✓ Намалена узурпација на зелени површини и ефикасен систем на одржливо управување со зелени површини;
- ✓ Подготовка на План/Програма за заштита на почвата од сите наведени видови на деградација, како и со предлог мониторинг за квалитетот на почвата;

- ✓ Утврдување на површината на контаминирана почва и дефинирање на мерки за деконтаминација на почвата контаминирана со опасен отпад околу рудникот Лојане;
- ✓ Дефинирање на адекватни мерки за управување со отпадот на територијата на Општина Липково;
- ✓ Доизградба на канализациона инфраструктура во сите населени места;
- ✓ Детектирање и утврдување на локациите каде што се испуштаат фекални отпадни води;
- ✓ Утврдување на површината зафатена со ерозија и лизгање на земјиштето;
- ✓ Преземање на мерки и активности за спречување на појава на ерозија;
- ✓ Промовирање на локалитети со карактеристични природни богатства;
- ✓ Промовирање на археолошки локалитети;
- ✓ Подготовка на документација за состојбата на растителните, животинските и видовите на габи.
- ✓ Подготовка на ефикасен систем со база на податоци за степенот на искористување и пренамена на земјиштето;
- ✓ Воспоставување на одржлив систем за управување со земјиштето;
- ✓ Зголемување на процентот на продуктивно земјиште и имплементација на механизми на стимулација за негова употреба конверзија во обработливо земјиште за одгледување на био – култури и доделување на субвенции;
- ✓ Спроведување на кампањи, обуки, работилници и сл., за запознавање на жителите на руралните области со природните вредности, како и за можностите за одржливо користење на природните вредности;

6.4. Тематска област - Управување со отпад

Отпад и управување со отпад	
Јаки страни	**Слаби страни**
• Постоење на две (2) општински депонии • Регионален план за управување со отпад	• Постоење на диви депонии кои се извор на загадувње на воздухот и водите • Палење на отпад на отворено • Напуштениот рудник Лојане и јаловината во која има арсен • Нечистење на диви депонии • Непостоење на шумска полиција и шумари
Можности	**Закани**
• Воведување на систем за селектирање и рециклирање на отпад	• Депонии извор на загадување на воздухот • Висока концентрација на арсен (рудникот Лојане)

• Дислоцирање на депонијата од Лојане на друга локација • Издавање на рудникот Лојане под концесија • Контрола врз сечата на шумите • Воспоставување на систем за компостирање на биоразградлив отпад	

Приоритетните проблеми во тематската област - управување со отпад, кои беа идентификувани од жителите на општина Липково кои беа вклучени во изработката на ЛЕАП-от (членови на работни групи, членови на локален комитет и анкетирани граѓани) можат да се решат со предложени мерки и активности кои се во согласност со националните плански документи во областа на управување со отпадот. Предложените мерки се однесуваат на:

- ✓ Чистење на постоечките диви депонии;
- ✓ Ремедијација и пренамена на просторот за други цели;
- ✓ Изработка на План и Програма за управување со отпад за општина Липково и нивна реализација,
- ✓ Анализа на состојбата со индустриски отпад на територија на општината,
- ✓ Изнаоѓање решение на историското загадување "рудникот Лојане" во соработка со МЖСПП и ЕУ фондови,
- ✓ Воведување на комунални услуги во сите населени места и редовно собирање на селектираниот отпад според претходно утврдена динамика;
- ✓ Воведување систем за селектирање и редовно собирање на селектираниот отпад;
- ✓ Обезбедување на контејнери, канти и други видови на садови за селектирање на отпадот кој се создава од страна на домаќинствата;
- ✓ Едукација на правните индустриски субјекти со цел селектирање и правилно одлагање на посебните видови на отпад,
- ✓ Обезбедување потребна инфраструктура за воведување функционален систем за управување со отпад;
- ✓ Реализирање на проекти за реупотреба на отпадот;
- ✓ Воспоставување на мониторинг и следење на состојбата;
- ✓ Изградба на централна општинска компостара или повеќе локални постројки за одлагање на биоразградлив отпад;

DRAFT

6.5. Тематска област - Бучава и нејонизирачко зрачење

Бучава и нејонизирачко зрачење	
Јаки страни	**Слаби страни**
• Немање индустриски капацитети • Мала фрекфенција на сообраќајни средства и транспортни возила	Непостоење на мониторинг и континуирано мерење на нивото на бучава
Можности	**Закани**
	Неконтролирано и непланско градење на објекти

Препораки за решавање на идентификуваните проблеми во тематската област

- ✓ Намалување на нивото на бучава во животната средина
- ✓ Утврдување на изложеност на жителите на бучава
- ✓ Изработка на карта на бучава
- ✓ Мониторинг на бучава
- ✓ Континуирано следење на јонизирачкото зрачење во животна средина во град Скопје
- ✓ Следење на состојбата со нејонизирачко зрачење

DRAFT

МЕРКИ И ПРИОРИТЕТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЛИПКОВО

2.1. ВОЗДУХ

ПРОБЛЕМ: ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХОТ ОД СООБРАЌАЈОТ (МОБИЛНИ ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ)
ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ВОЗДУХОТ ОД ЗАГАДУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈОТ ВО ОПШТИНАТА (НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИЈАТА СО ЗАГАДУВАЧКИ СУПСТАНЦИИ ОД МОБИЛНИ ИЗВОРИ)

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време на реализација	Потребен буџет	Извори на финансирање
Воспоставување на систем за управување со аерозагадувањето (следење на емисијата со загадувачки супстанции во воздухот), заради превземање на техничко-технолошки и управно -административни мерки од краткорочен, среднорочен и долгорочен карактер	Изработка на програма и план за заштита и подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух	Општина Липково во соработка со стручна институција	2023-2024	5.000 ЕУР	Сопствени средства
	Изработка на инвентар на загадувачки супстанции во воздухот од сообраќајот (мобилни извори)		2023-2024	10.000 ЕУР	
	Континуирана инвентаризација на податоци за емисија на загадувачки суспанции во воздухот во општината		2022-континуирано	2.000 ЕУР /год	
Воспоставување на локална мрежа за мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух на ниво на општината	Проширување на мониторинг мрежата на имисии со поставување на нова мониторинг станица за следење на квалитетот на амбиентниот воздух во општината	Општина Липково во соработка со МЖСПП	2022-2023	150.000 ЕУР	Донатори, државни институции

DRAFT

ПРОБЛЕМ: ЗАГАДУВАЊЕ НА ВОЗДУХ ОД СТАЦИОНАРНИ ИЗВОРИ (ДОМАШНИ ЛОЖИШТА, ИНДУСТРИСКИ, ДЕЛОВНИ И ЗАНАЕТЧИСКИ ОБЈЕКТИ)
ЦЕЛ: ЗАШТИТА НА ВОЗДУХОТ ОД ЕМИСИЈАТА СО ЗАГАДУВАЧКИ СУПСТАНЦИИ ОД СТАЦИНАРНИ ИЗВОРИ НА ЗАГАДУВАЊЕ

Мерки	Акции	Одговорна институција	Време на реализација	Потребен буџет	Извори на финансирање
Воведување на контрола на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот по пат на интерен мониторинг и процедури согласно Законот за животна средина (ЕИА/ИППЦ)	Обука на кадар за издавање на мислења и оценки за ЕИА студии, како и Б - ИППЦ дозволи	МЖСПП / Општина Липково	2022-2023	2.000 ЕУР	Буџет на РСМ, СД
	Издавање на мислење/оценка на ЕИА студии за индустриски и деловни објекти, со предлог-мерки за намалување и ограничување на емисиите на загадувачки супстанции во воздухот	Општина Липково	2022- континуирано	2.000 ЕУР/год	Сопстени средства
	Издавање на Б - ИППЦ дозволи за инсталации и еколошки елаборати				
	Изработка на инвентар на загадувачки супстанции во воздухот од стационарни извори во општината и негово постојано ажурирање	Општина Липково	2022 - континуирано	3.000 ЕУР/год	Сопствени средства
		Општина Липково во соработка со стручна институција	2022-2023	25.000 ЕУР	Средства од донации и проекти

DRAFT

Подигање на јавната свест за заштита на воздухот од загадување	Организирање на кампања за подигање на јавната свест Печатење на едукативен материјал Зајакнување на капацитетите на општината	Општина Липково во соработка со НВО Општина Липково Општина Липково	2022-2023	2.000 ЕУР 1.500 ЕУР 3.000 ЕУР	СС, СД
